# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од единаесеттото продолжение на Педесет и седмата седницата на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 ноември 2000 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дами и господа пратеници, го отворам единаесеттото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Ѓорѓиев и Нано Ружин, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме по првата точка од дневниот ред.

Има збор господинот пратеник Трајко Гешоски.

Пратеникот Трајко Гешоски е отсутен.

Има збор господинот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, пред да започнам со моето излагање во врска со Информацијата за загрозеноста на личниот интегритет и безбедноста на пратениците на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, семејствата и нивните имоти, дозволете ми претходно да цитирам неколку членови од Уставот на Република Македонија, не толку поради вас почитувани пратеници, туку пред се поради иницијаторите и носителите на недемократските методи на дејствување, поради нашите граѓани, симпатизери и членови на сите оние изманипулирани и приморани, доведени луѓе пред нашите домови со мотив и убедување за наводно наше издајништво на ВМРО - ДПМНЕ и гласачкото тело. Во член 21 од Уставот на Република Македонија стои дека граѓаните имаат право мирно да се собираат, да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без претходна дозвола. И се би било во ред доколку протестите не беа смислени, организирани, темпирани, насилнички, рушилачки, со крајна тенденција на загрозување на нашите животи и имоти.

Член 25 од Уставот вели: на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен живот на достоинството и угледот.

Напротив, намерата на нарачателите не се состоеше само во непочитување на нашето достоинство, туку нивните намери се движеа кон целите на нашата физичка ликвидација.

Во член 26 стои: правото на неповредливоста на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука. Не само што ни беше загрозено правото на неповредливост на домот, напротив тенденцијата им беше изразита и насочена кон рушење, па дури и спалување на нашите домови.

Член 27 од Уставот истакнува: секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Република Македонија. Не само што ми беше ограничено, односно узурпирано правото на движење во Републиката чувствував загрозеност на движење и во мојот роден град. И посебно член 62 од Уставот кој верувам сите добро го познаваме како пратеници и граѓаните на Република Македонија, пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по сопствено и свое уверување. Најодговорно тврдам дека постојано и непоколебливо се борев и се залагав за децидно почитување и спроведување на партиската предизборна програма со која се изборивме и ја освоивме власта. Откако во тоа не успеав, чувствував одговорност пред своите гласачи и решив јавно да им се заблагодарам и категорично да им се спротивставам на партиските челници и да се приклучам кон новата прогресивна опција на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, која ќе ја прекине економската агонија на нашиот граѓанин и ќе го зачува територијалниот и

националниот интегритет на нашата држава.

И на крајот иако според член 64 од Уставот на Република Македонија како граѓани, а пред се пратеници, власта беше обврзана да не заштити согласно Законот, сепак и во овие немили настани целосно затаија институциите на системот. Со својата доблест, чесност и енергичност во одбрана на интересите на граѓаните, а како резултат на неисполнувањето на партиските определби ветени пред парламентарните избори категорично се спротивставив на една и се приклучив кон новата опција која се надевам ќе ги даде очекуваните резултати и ќе ги оправда очекувањата на големиот број на граѓани од Република Македонија. Од сето ова произлегува кои беа издајниците. Ние кои застанавме на патот на нереалните ветувања на Партијата ВМРО - ДПМНЕ која помпезно ги наведе ветувањата со кои фактички ја освои победата од која после двегодишно практикување на власта најпогодени беа токму членовите, симпатизерите, гласачите и сите останати граѓани на нашата држава кои се доведени до долната граница на издржливост, односно егзистенција. Зошто ја напуштив партијата? Слободно можам да изјавам дека во ВМРО - ДПМНЕ влегов чесно и достоинствено, го вложив својот полн ангажман и секогаш се трудев да го дадам својот максимален придонес за развојот и просперитетот на партијата, затоа што цврсто верував во програмата на партијата за која сметав, а и сеуште сметам дека е добра. Меѓутоа, се испостави дека и програмата како и власта лошо се практикуваше, а случајно или намерно не се реализираа. Евидентно беше дека лошо се водеше политиката. И покрај почетните проблеми околу обезбедувањето на пратеничката канцеларија, односно просторијата за контакт и прием со граѓаните, својот професионален пратенички мандат го сфатив најсериозно и политички одговорно. Бев во постојан контакт со народот кој од нас пратениците премногу очекуваше, но и премногу посакуваше со оглед на крајно влошената негова економска положба. За кратко време некако како да бевме предодредени и поистоветени со Биро за вработување. Меѓутоа, што се случи? Како што одминуваше времето нашата пратеничка позиција барем во локални рамки добиваше се повеќе во изолација и маргинализација во која сметам дека не постои партиското раководство на чело со премиерот. Функцијата народен пратеник гордо и одговорно звучеше, но нашиот глас се поретко се почитуваше и веднаш да напоменам дека во Општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ се направија огромни и катастрофални грешки кои резултираа со огромно незадоволство меѓу членовите симпатизерите и гласачите. Комуникацијата со локалните челници ни беше отежната, а расколот и расчекорот меѓу одделни луѓе во раководството беше евидентен. Штип, градот гордост беше опустошен и отсечен од републичките институции, бидејќи свој претставник во нив немаше. Ние како пратеници бевме изолирани и осамени и нашите настојувања за брз контакт и адекватни решенија во однос на надвиснатите сериозни стопански тешкотии на веќе замреното штипско стопанство. Не се уважија ниту нашите добро намерни укажувања и именувања за наши претставници во републичките органи и тела. Како одговор на тоа ни беше укажувано дека такви луѓе од нашата средина сеуште нема, бидејќи не се докажани и проверени. Останавме со единствената тогашна светла точка нашиот претставник во полицијата кој за жал растргнат меѓу бројните и одговорни проблеми од неговиот делокруг не можеше соодветно да одговори и на преземените стопански проблеми од нашиот град. И што се случи? Сопствените недоречености, лоши решенија и промашувања беа во расчекор со реалните состојби и можности, така што наеднаш испречени пред сопствената немоќ истите ги префрлија врз нас пратениците за да понатаму бараат дежурни виновници за состојбите во веќе замреното стопанство. Отпочнаа отворено да го повикуваат членството за наше деградирање во партиските тела и органи, како и во медиумите, собираа потписи за наше отповикување и смена итн. Се бараше од нас редовност и учество на состаноците на општинскиот комитет без право на глас и одлучување со што уште еднаш ни беше дадено до знаење на маргинализацијата на нашата пратеничка функција. Не претворија во гласачка машина која мораше да ги поддржува предложените кадровски решенија. И откако ги спротнаа и реализираа своите луѓе и замисли, а ги запоставија преголемите стопански проблеми, се почувствува револт и незадоволство меѓу активистите кои се ангажираа за изборите и кои беа заборавени за сметка на некои ново компонирани придошлици, кои наеднаш

преку ноќ добија приоритет. Како пратеници не можевме да дејствуваме да го промениме вака донесениот нивен став и да им помогнеме на оние кои најмногу нам ни помогнаа. Ова не можевме од објективни причини со оглед на тоа што во континуитет ја маргинализираа и девалвираа нашата пратеничка функција или ангажман. Пак ќе потенцирам дека вршеа примена на различни методи против нас, организираа хајки на недоверба преку депласирање на разни дезинформации и шпекулации, собираа потписи по месните комитети за мое отповикување од пратеник, па од владин повереник во ЗИК "Црвена Звезда" и од останатите функции кои ги обавував. Тоа беше време на постојани искушенија и стресови во кои бев оставен, немоќен пред своите гласачи. Ги користеа сите возможни и невозможни средства и методи на притисоци против својот пратеник. Ме девалвираа преку медиумите со нарачани текстови и натписи во континуитет од што останаа запрепастени дури моите сопартијци. Ми организираа планирани штрајкови во друштвата на ЗИК "Црвена Звезда", иако таму беше евидентна нивната стабилност и единствена светла точка во катастрофалното штипско стопанство. Ми ставаа постојани сопки и деструкции во Фудбалскиот клуб "Брегалница" чиј претседател бев, се служеа со нај нечесни методи за да го девалвираат клубот и мене како човек и претседател. На крајот во тоа успеаја со што го доведоа клубот, односно фудбалот на најниска гранка во лига од која нема испаѓање. Еден клуб кој слави 80 години оваа ВМРО - ДПМНЕ го истера во лига од каде што нема враќање, односно во лига од каде нема испаѓање. Настојував да се спротивставам на локално и повисоко ниво да им укажам на некоректноста и недемократското однесување, тоа го правев онаму каде што требаше, во Општинскиот комитет каде моите ставови веднаш ги поистоветуваа како непријателски, опозиционерски и фракционерски и како такви ги пренесуваа до раководството во Скопје каде за мене однапред беше формирано негативно мислење. Повеќе пати настојував да ги информирам највисоките партиски органи, но кои за жалне беа спремни за разговор, или се однесуваа како да разговараат глуви. Така остана безцелно секое мое понатамошно делување и ангажирање. Сето тоа придонесе кај мене да расте степенот на револт и незадоволство што ме правеше психолошки оптоварен и напнат.

Сфатив дека понатаму не можам да се справам со губењето на сопствениот и дигнитетот на партијата кое ме доведе до овие позиции. Она што го очекував од владеачката структура, односно она што требаше да го добие мојот стопански разнишан град и социјално економски осиромашен мој сограѓанин изостана, при што самиот се соочив со се поголемото оправдано незадоволство на моите сограѓани. Премиерот и шаката луѓе околу него тврдокорно сите овластувања им ги преостапија на таканаречени партиски локални војници, кои покасно прераснаа од локални во републички шерифи, кои нагло заслепени и добро заледени заборавија на се па и на своите членови пратеници, заборавија тие, но заборави и премиерот. Како пратеници станавме марионети без право на одлучување, ограничен контакт со премиерот, но со зголемена одговорност пред сограѓаните кои ни ги пренасочија кон нас да им ги решаваме претежно проблемите од сферата на вработувањето. Устоличените локални кабадахии за кратко време го доведоа нашиот сограѓанин на работ на егзистенционалниот минимум. Пред дивјачките упади и атаци врз мене и моите колеги фактички ни се вршеа организирани конструкции со што дефинитивно сфатив дека секое мое понатамошно општување во ВМРО - ДПМНЕ е само продлабочување на заблудите и продолжување на условувањата и уцените. Зошто ја напуштив партијата? Поради начинот на кој премиерот ја практикуваше власта, поради неговото поимање на демократијата кое беше само во моментите кога требаше да се освои власта, поради длабоките криминогени деанија на раководството и одредени партиски јуришници, односно поради криминалната инфраструктура во партијата. Ја напуштив поради начинот на кој премиерот до сега ја практикуваше демократијата во живо најбрутално и најпримитивно врз неговите неистомисленици кои решија да ја напуштат партијата. Тој преку своите партиски јуришници не каменуваше, под линч ги стави нашите семејства, палеше свеќи пред нашите куќи. Премиерот својата државана функција и институции ги стави во функција на државниот тероризам. Организираните протести против нас пратениците кои ја

напуштивме ВМРО - ДПМНЕ не беа спонтани, во никој случај не се работеше за протест на гласачкото тело, затоа што тие што протестираа пред нашите домови тоа беа претежно директорите, а најмалку беа изневерени гласачи. Премиерската директива за примена на таканаречена "линч демократија" се одвиваше по негов налог, се поделија отказни решенија за родниините и политичките неистомисленици, иако многу од нив имаа работно место уште пред парламентарните избори. Премиерот применуваше насилство. За тоа најубаво се уверивме при гласањето за општинските раководства во Општинскиот комитет кога се применуваше една невидена тортура и бруталност под притисок на рекетари. Неговите изјави беа едно, а практиката беше друго. Се покажа во што се уверивме дека премиерот нема капацитет да ја води државата, ниту да створи амбиент за нејзина иднина и перспектива. Неговото насилничко однесување само го откри недемократскиот лик на власта кој досега се криеше зад демагошките флоскули и наводно реформскиот дух. Првобитно власта отпочна со практикување на таканаречена "линч демократија", при што подоцна ја смени тактиката па почна да применува други алтернативни средства за притисок, откази, кривични пријави и преместување на несоодветни работни места на наши блиски пријатели и роднини. Мотивот на моето напуштање на ВМРО -ДПМНЕ и дали беа исцрпени сите демократски норми на комуницирање. Мојата поранешна партија фактички ги напушти темелните национални и државни интереси, ги изневери нашите изборни ветувања, а мојот град е еден од нај опустошените во државата. Сето ова ние пратениците неможевме да му го пренесеме на премиерот. Од нас се бараше само да гласаме за се што предлагаше Владата и да не прашуваме многу. Колегите од Парламентот со право не нарекуваа "зелена бригада", бидејќи ги притискавме само зелените копчиња "за". Поради сето тоа уште пред неколку, или поточно некаде околу 8 месеци ние неколкумина пратеници на ВМРО - ДПМНЕ почнавме да се собираме и да размислуваме на кој начин да отстапиме. Одлуката падна и ние преминавме во ново основаната ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција за која сметаме дека ќе биде продолжение на она ВМРО - ДПМНЕ кое се загуби некаде по освојувањето на власта во 1998 година на парламентарните избори. ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција ни дојде некако како сламка на спасот.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:** (Продолжение)

Како ја доживеавме тогаш и ја преживеавме нашата одлука за премин. Доживеавме смислен, организиран и темелен атак, во кој полицијата беше само статист и набљудувач, од која за жал, до денес нема никаков извештај за насилниците, иницијаторите и причинетата материјална штета.

Настаните предизвикаа огромни последици и моето семејство. Страдаа моите роднини и пријатели. Во својот очај и бес ВМРО - ДПМНЕ само потврди дека ја изгуби самоконтролата. Кој беше пресудниот момент и каква беше нашата граница на издржливост? Неможев повеќе да го издржам притисокот на јавните критики за мноштвото афери, апсења, упади во фирми, рушење на објекти, рекетирање итн. Ми се наметнуваа многу дилеми, меѓу кои и основната, дали власта ја освоивме да се збогатиме ние или да ја збогатиме Македонија. Не можев понатаму да ги поднесувам платените групи за застрашување, бројните насилства и инциденти, во кои главни актери беа партиските војници на ВМРО -ДПМНЕ преку кои партијата го губеше својот легитимитет. Ме иритираше начинот на дејствување и заплашување, но и пресметувањето со неистомислениците, при што имав можност да го почувствувам во нашата Штипска средина, која постана опасна за живеење. И, како илустрација нај очигледни се случувањата за време на изборите во општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ и она што го доживеав неодамна при мојот трансфер во ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Сметам дека како пратеник на ВМРО - ДПМНЕ, бев изманипулиран од раководството на партијата и од нивното ниво и на начин на практицирање на власта, со што беше загрозено функционирањето на системот. ВМРО - ДПМНЕ, ги изневери моите очекувања и надежи, па со исцрпување на сите исчекувања, практично, јас како пратеник го искористив своето законско и суверено право, според Уставот на РМ, за смена на партиските бои, не од желба и одбра волја, туку затоа што ВМРО - ДПМНЕ не ја спроведува програмата, со која излезе пред сопствените избирачи и граѓаните на Република Македонија.

Мојот понатамошен политички ангажман, членство во ВМРО - Вистинска

Македонска Реформска Опција, уследи како очекувано продолжение на партиската агонија во која се најде ВМРО - ДПМНЕ. Моето преминување во ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, се базира и на партиските чувства и побуди, за да се зачува ова парче земја, а никако некој друг да се поигрува со нашите чувства. Предавниците допрва ќе се демистифицираат. Како го доживеав овој демократски и патриотски чин, односно како реагираа претседателот, потпретседателот на ВМРО - ДПМНЕ, Љупчо Георгиевски и Доста Димовска, како премиер односно министер за внатрешни работи.

Мојата куќа беше под опсада четири дена и таа беше демолирана. Беше загрозен мојот живот и животот на моите деца и тоа во сопствениот дом. Теророт беше невиден. Психичкиот стрес трае, а материјалните штети високи.

Господа пратеници, јас денеска како пратеник со страв се движам во сопствената земја, не се чувствувам безбеден во својот дом. Верувајте и многу граѓани тоа го чувствуваат, а тоа е трагедија за Македонија. Под итно бев разрешен од сите функции и под итно ми беа поднесени многу кривични пријави од оние на Доста Димовска и Ставре Џиков. Но, насилството не застана тука. Мојот брат беше под итно распореден од Штип во Гостивар. Сестра ми беше разрешена од професорско место. Братот ми беше отпуштен од работа и уште 15 мои блиски пријатели се прераспоредени и пуштени од работа или прогонувани. Меѓутоа, оваа власт не вршеше терор само врз нас, ами правеше монструозни конструкции, заради линч на нас пратениците. Да го земеме примерот на г-динот Ѓорѓи Тодоров. Тој не само што беше физички малтретиран, туку тој и неговото семејство не само што му беше демолирана куќата, ами од страна на власта му беше монтиран случај дека ранил двајца граѓани, кои биле пред неговиот дом. Власта отиде до таму што живи и здрави, огромни мажи ги стави во гипс во Градската болница, наводно дека се тешко ранети. Значи, ја злоупотреби болницата и лекарската етика. Но, не застана дотука. Ги употреби "Нова Македонија" и МРТВ да ги прикаже ранетите и наводно лошиот чин на пратеникот, со цел да го линчува пред македонската јавност. Јас одговорно тврдам од ова место дека немаше ранети. Знам, дека имаше една монструозно монтирана конструкција на извршната власт, со цел да изврши ликвидација на г-динот пратеник Ѓорѓи Тодоров. Но, тој не е само човек, почитувани пратеници, тој е за жал институција на власта, институција на системот.

Господа, овој монструозен чин е нарачан од Љубчо Георгиевски, премиер Доста Димовска, министер за внатрешни работи и Ставре Џиков, јавен обвинител на Република Македонија. За таков чин, тие луѓе треба веднаш да ги напуштат своите функции. Но, сигурно ќе треба и кривично да одговараат. Според тоа, почитувани господа пратеници, за овој наш демократски чин не настрадавме само ние, туку настрадаа над 170 луѓе. Тоа значи типичен државен терор.

Затоа, од оваа говорница сакам да им порачам на почитуваните пратеници од ВМРО - ДПМНЕ, господа, престанете да бидете платеници, насилници и профитери и вратете се на чесната политика и програмската определба на вашата партија. Чујте го гласот на граѓаните што ве избрале и што ви дадоа доверба да седите во овој светол, односно законодавен дом на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ве повикувам како претставници на народот, како патриоти во заклучоците од овој дом да го осудиме овој терор и насилие врз нас пратениците и другите граѓани, учесници во овој терор и насилие и нивните нарачатели да носат кривична и политичка одговорност.

Сакам да ја изразам својата благодарност до сите колеги кои не поддржаа на оваа седница и другите колеги кој тоа не го сторија, но ќе го направат со гласање за осуда на овие настани.

Во продолжение ќе се задржам на локалните избори. Од досегашната расправа на овој парламентарен дом, непобитни се повеќе факти. Дека, скоро сите досегашни избори во Македонија, партиски, претседателски, локални, повеќе или помалку биле недемократски, нерегуларни и фалсификувани. Во тие избори секогаш на преден план биле партиските и личните интереси, а на штета на граѓаните на Република Македонија. Тие избори имаат директно влијание на поделбата на Македонија, поделбата на Македонскиот народ, а во последно време на Албанците, Ромите, Србите, Турците, Власите и други. Македонскиот граѓанин е исплашен и несигурен. Ако тој е темел на Македонија, тогаш и Македонија не е сигурна, а богами е и исплашена.

Последните претседателски и локални избори се претворија во невидено насилие, државен терор и крвав судир. Значи, Македонија е загрозена, исплашена

и доведено е во прашање нејзиното опстојување. Но, тие факти, колку и да се загрижувачки, сепак, мене од досегашната расправа во Парламентот, повеќе ме загрижува односот на политичките субјекти кон овие факти, односот кон Македонија. Овие денови доминираа четири политички субјекти, ВМРО -ДПМНЕ и СДСМ кај македонскиот електорат, ПДП и ДПА кај албанскиот електорат. Расправата се сведува на меѓусебно обвинување, а граѓаните и изборите се ставени на страна. Во тој поглед мора сите партии да ги надминат партиските интереси и да не ја злоупотребуваат власта. Тоа е круцијално прашање. Меѓутоа, сепак, некој прв треба да направи прв чекор , што е и најтешко.

Првиот чекор, по правило, требаше да го направи ВМРО - ДПМНЕ, ДА и ДПА како партии во власта и кои ги изведуваа изборите. Но, за жал, на овие избори тие тоа не го направија, а тоа е најбитно. Власта обезбедува фер избори и тоа требаше да го направи, но тоа на овие локални избори го немавме. Власта на голема врата го зголеми рекетарството, насилието и теророт. Народот на власта и даде кредит да ја води државата со порака, СДСМ правеше грешки, па затоа ги казнуваме. А, на вас ви ја даваме власта, да не го правите истото. Но, тие заборавија на народот и во преден план го ставија реваншизмот против СДСМ и да го копираат неговото лошо владеење. Меѓутоа, ајде да кажеме дека секој балкански човек робува на реваншизмот и суетата, па од тоа пати и ВМРО -ДПМНЕ, ДА и ДПА и условно да ги оправдаме. Но, најголемиот терор ВМРО -ДПМНЕ и другите партиципиенти во власта го извршија врз пратениците на ВМРО - Вистинска. Во овој случај немаат аргументи, за кое претходно насилно изнесување на изборите или провокација на власта. Овде немаше рекетари, немаше политички активисти, немаше провокации, но насилието и теророт беше жесток, далеку пожесток од оние на локалните избори. Во нашиот случај не се тепаа или убиваа таканаречени рекетари, туку се тепаа, пратеници, а тоа значи институции на системот. Се тепаа старци и родители, се тепаа малолетни деца, и замислете, не на улица, туку во нивните домови. Се уништуваше личен имот, се отпуштија од работа и се распоредија на нови работни места оддалечени од 60 до 170 километри од нивните домови и тоа од блиски до далечни роднини или пријатели и по тој основ се отпуштени или прераспоредени околу 170 луѓе. Поднесени се многу монтирани кривични пријави и тоа од следните причини, што отстапуваме од програмата на ВМРО - ДПМНЕ, која раководството на ВМРО -ДПМНЕ со практикување на власта ја напушти. Нашата програма е против партизација на државата и стопанството што досега се правеше, а ВМРО - ДПМНЕ го продолжи тој курс.

Нашата програма беше за подлабоки, побрзи и вистински реформи, од оние кои се правеа, но напротив, таа ги запре реформите или правеше квази реформи. Нашата програма беше против грабежот извршен со приватизација и предвидуваше контрола на примена на законот за приватизација. Меѓутоа, иако на почетокот од нашиот лидер г-динот Борис Стојменов беа утврдени незаконитости во приватизацијата на одредени фирми, тие останаа во фиоките во раководството на ВМРО - ДПМНЕ.

Нашите програми предвидуваат дел од општествениот капитал, кој не беше приватизиран или платен да се распредели на граѓаните кои не учествуваа во приватизацијата, пред се вработените во здравството, образованието, културата, пензионерите, администрацијата и другите граѓани. Меѓутоа тоа не се направи.

Нашата програма предвидуваше силна борба против митото, корупцијата, шверцот, мафијата и другиот грабеж. Меѓутоа, од таа борба нема ништо. Освен тие негативни појави, сега добија застрашувачки размери. Програмата беше против поделбата на Македонија и делењето на Македонскиот народ. Меѓутоа, сведоци сме на постоење на сили кои сакаа да ја делат Македонија и Македонскиот народ, а раководството на ВМРО - ДПМНЕ тука има огромен удел. Програмата на ВМРО - ДПМНЕ беше против партизација на кадровската политика, а сведоци сме на потполна партизација на кадровската политика во државата, а посебно е изразен непотизмот.

Овие две години имавме катастрофална кадровска политика во сите сегменти на животот, а во програмата дебело се залагавме за стручноста и компетентноста. Програмата беше силно за градење на правна држава. Напротив, во последните две години сведоци сме на суспендирање на правната држава.

Програмата беше секоја година невработеноста да се намалува за најмалку 10%, а сведоци сме на зголемување на невработеноста.

Програмата беше за зголемување на безбедноста и сигурноста на граѓаните, а сведоци сме на обратен процес, убиства,

ранување, порозна граница, упад во домови, затворање и слично.

Програмата беше дека ќе се бориме за фер и демократски избори, а денес се расправаме за крвави настани на тие избори.

Тема на програмата беше земјоделието и задолжителниот откуп по економски цени на сите земјоделски производи. Осигурување на земјоделците, намалување на даноците но оваа власт го прави обратното, ги зголемува даноците го упропастува земјоделието. Програмата предвидуваше зголемување на надоместок на работниците, кои останаа како технолошки вишок. Напротив тие се укинуваат. Програмата предвидуваше намалување на буџетската потрошувачка, даноците и придонесите, а сведоци сме на обратен процес. Имаме огромен суфицит во Буџетот, зголемување на даноците и упропастување на стопанството.

На изборите сите овие ветувања им ги дадовме на нашите граѓани и затоа тие ни го дадоа својот глас. Сакавме сите овие прашања и проблеми да ги решаваме внатре во партијата, но бевме игнорирани, дури и малтретирани. Овој процес траеше повеќе од една година.

Затоа, се одлучивме на овој чекор, програмата, заради која бевме во партијата ВМРО - ДПМНЕ и поради која ја добивме довербата на граѓаните, сакаме да ја оствариме во вистинското ВМРО. За овој чекор ја добив и поддршката на членството и граѓаните, бидејќи на овие локални избори иако покривме само 40% од избирачките места, иако имаше страшен терор и фалсификати добивме над 110 илјади гласа, толку колку што доби ВМРО - ДПМНЕ, тоа е голема потврда за ВМРО – Вистинска, дека сме на исправен чекор. Значи ние не бевме против програмата на ВМРО - ДПМНЕ отколку која, заради која и постои партијата. Значи не бевме против партијата, но бевме против раководството на ВМРО - ДПМНЕ, и тоа само заради напуштање на програмата.

Значи ние не бевме да се дели ВМРО. Тоа го сакаше врвното раководство. Но вистинското ВМРО, приоритет ни е да го задржиме ова мало парче земја, на која ја создадовме независна и суверена Македонија. Приоритет ни е нејзиното опстојување и развој, и затоа сме решително против нејзиното делење, посебно делење на Македонскиот народ, ревизија на јазикот, преиспитување на македонската историја за дневно политички цели. Сакаме дефинитивно да работиме на афирмацијата на политиката како чесна, хумана и патриотска дејност. Сакаме да го промениме односот меѓу политичките партии, од политички непријатели ние на сите партии гледаме како политички пријатели, на сите основна цел е опстојувањето, безбедноста и развојот на Македонија. Сакаме да ги почитуваме разликите, но и да разговараме за тие разлики. Но, тие разлики треба да доближуваат, а не да оддалечуваат. Сакаме консензус на политичките партии за државите и националните интереси. За таа цел за Македонија и за нејзините државни и национални интереси, за чесноста и патриотизмот во политиката, ја напуштивме власта и отидовме во опозиција. Но тој наш патриотски потег меѓу политичките субјекти беше различно ценет, од предавство, поткуп, од некои како демократски чин. Но едно е сигурно, дека помалку не загрижува оценката на политичките субјекти, а тоа покажува дека демократизацијата во партиите е голем проблем, кој ја кочи вкупната демократија во Македонија. Тој терор и насилие се пренесе и на локалните избори. Беше убиен човек во Кондово, тоа за мене е голема трагедија за Македонија, и голем срам за ДПА, ВМРО - ДПМНЕ и ДА, односно носителите на власта во Македонија. Умре човек од страв на изборно место во Гази Баба, беше тешко ранет човек во Охрид. Струмица доживеја невиден терор и стрес. Се случија и други бројни насилија, повеќе од десетина граѓани беа тешко ранети. Тоа беа избори со невиден фалсификат и понижување на граѓаните, а посебно на албанските граѓани. Тоа ќе го илустрирам со неколку факти. На три изборни места во Чаир, албанскиот кандидат на ДПА во првиот круг доби 4751 глас, а кандидатот на ВМРО - ДПМНЕ само 84 гласа. И замислете што се случува во вториот круг, албанските гласачи го бојкотираат својот кандидат, и место нему сите гласови ги дадоа за Аце Миленковски. Ќе се сложите фалсификат за Гинисова книга на рекорди. За мене тоа беше најголема повреда на достоинството на албанскиот граѓанин, или кандидат кој во првиот круг води со 13 илјади гласови, во вториот круг губи и тоа е случај за Гинисов рекорд.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:** (Продолжение)

И на овие локални избори се манифестираше убиство, насилие и терор за освојување на власта. И во такви избори на советничката листа нашата партија ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, доби на 110.000 гласа исто колку ВМРО - ДПМНЕ, кога ќе се

поделат гласовите со ДА. На овие избори дефинитивно победи насилието, а изгубија граѓаните на РМ.

Почитувани пратеници. Демократските избори во Македонија, се дефинитивно доминантен државен и национален интерес односно интерес над сите партиски интереси. Нашата партија ВМРО - ВМРО од оваа говорница во интерес на Македонија и сите граѓани на Македонија, ве повикува сите пратеници да бидеме едногласни во осудата на овие насилија, терор и фалсификати направени на овие избори. Исто така, од оваа говорница да и се извиниме на мајката на убиениот од Кондово, и да се обврземе дека во иднина ќе правиме чесни и мирни избори. Да се осуди власта што не обезбеди фер и демократски избори. На крај вистинското ВМРО, ги повикува сите партии да постигнеме консензус за изборите, односно партиски консензус, за овој битен македонски национален интерес, затоа што Македонија е се што имаме и ако сакаме да ја вратиме доблеста, достоинството и вербата во Македонија, дајте почитувани пратеници да работиме за вербата на Македонскиот народ во изборите. Прошката мора да биде дел од комуницирањето, а за улогата на насилието на власта на овие избори ја упатувам мислата на Исус кој рекол - "прости им татко, не знаат што сакаат".

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот, Миланчо Черкезов.

Има збор пратеникот Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, свесен за фактот дека многу дискусии искажани на оваа говорница за локалните избори, би рекол пет до десет посто повеќе за тоа што се пишува во новините.

Јас нема да се задржам многу со мојата дискусија, и ќе се откажам делимично од мојата дискусија.

Локалните избори во Република Македонија, посебно во западниот дел покажаа дека од самиот почеток беа наместени од анти албански и анти владини сили и елементи, со намера на овие места да предизвикаат екцеси. Всушност оние екцеси на анти албанските елементи ќе послужеа како аргумент за да ги етикетираат Албанците, како такви кои се многу далеку од европските стандарди и вредности, дури како дестабилизирачки фактор на Македонија и Балканот, додека Владата да ја прикажат како посебно неспособна за почитување на правилата и редот, не само во периодот на изборите туку и пошироко.

Колку што можам да се потсетам во духот на оваа констатација, ден после изборите г. Црвенковски изјави - "Албанците покажаа дека се далеку од демократските норми". Затоа треба ние да дојдеме на власт за да ги штитиме нив. Впрочем Албанците, не само во Македонија туку и пошироко знаат како Црвенковски ги штити Албанците, но не верувам дека ќе ја постигне веќе таа цел. Не знам колку ќе постигне Црвенковски со овој негов цинизам за да го сензибилизира меѓународниот фактор за елиминирање од политичката сцена од ДПА, ВМРО и ДА, истовремено да ја увери својата јавност дека опозицијата треба да дојде на власт прекуноќ.

Ако се сетиме на предизборната кампања, бездруго ќе констатираме дека СДСМ водеше анти албанска и анти владина кампања, додека ПДП својата кампања ја насочи против ДПА и против Владата. Зошто СДСМ водеше таква кампања добро им е познато и на децата од колевка, затоа што нема друг излез освен со анти албанскиот добро познат речник да се врати на власт. Додека пак ПДП ја водеше својата кампања против ДПА, затоа што беше уверен дека албанскиот електорат ќе го даде својот глас за ДПА ако не за друго, тогаш поради фактот што ПДП учествуваше во власта заедно со СДСМ до крајот на 1998 година, во кој период се случи аферата со оружје, Речица, Гостивар, Кичево.

Во пред изборната кампања беше очигледна победата на ДПА и поразот на ПДП, затоа што на митинзите организирани од ПДП учествувале мал број на граѓани.

Да ја завршам оваа идеа, ДПА влезе во изборите уверена дека ќе победи, додека ПДП уверена во својот пораз. Вака уверени дека ќе ги изгубат локалните избори, високото раководство на ПДП на чело со Несими изработи сценарио според кое, на почетокот ќе ги кршат гласачките кутии, свесни дека со ова ќе предизвикаат големи конфликти, а се со цел да создадат за себе алиби за поразот на оваа партија, партија без единствено претседателство, би рекол, чии

одлуки не се почитуваат од самите нејзини членови.

На 10 септември вечерта Несими однапред знаеше дека немаше што да брои. Затоа после обвинувањата адресирани до ДПА и до Владата одлучи да се повлече од натамошниот процес на локалните избори, дури и без поднесување на никаква жалба до општинските изборни комисии, до ДИК или до некој други компетентни органи. Всушност Несими немаше поради што да оди во вториот круг, бидејќи во првиот изборен круг ДПА победи во 16 општини, додека во 6 други општини разликата беше многу голема во корист на ДПА. Во единствената општина, општината Дебар каде разликата во гласовите беше мала ПДП продолжи во вториот изборен круг во натпревар со ДПА во кој мнозинството од дебарските гласачи се определија за ДПА.

ДПА во својата предизборна кампања секогаш ја нагласуваше потребата за мирна атмосфера, гласање без притисок и сила, до толку повеќе што 80% од албанскиот електорат во Македонија беше со ДПА и логично не можеше да користи притисок врз своите гласачи, бидејќи ДПА со тој чин ќе вршеше само убиство, затоа што ќе го уништеше лекторатот што го поддржуваше. Од друга страна ПДП исто како во 1994 година и 1996 година не се грижеше дека го иритира албанскиот електорат, затоа што не беше поддржуван од својот електорат. Единствениот излез за да дојде до победа беше преку сила прикажана во форма со кршење на гласачките кутии, закани со огнено оружје, со цел да ги заплашат гласачите и со подигање на барикади. Меѓутоа, за албанскиот електорат беше многу јасно која е ПДП и за која партија треба да гласа.

Во принцип како човек ги осудувам инцидентите и барам од компетентните органи да ги расветлат случаевите и против сторителите да преземат соодветни законски мерки. И во оваа прилика изразувам сочувство со семејството Јакупи.

На почетокот нагласив дека делимично ќе се откажам од дискусијата па и ќе го направам тоа. Меѓутоа, без друго јавно сакам да проговорам за некои аргументи за да се уверите и вие и јавноста за клеветите кои ги читаме во фамозната информација на ПДП, по повод локалните избори во западна Македонија, која информација не е информација според мене, туку прост политички памфлет.

Во општина Тетово од страна на ПДП немаше поднесено ниту една жалба, врз чија основа општинската изборна комисија ќе ги повтореше изборите.

Во општина Тетово, во с. Голема Речица, членовите на ПДП, како на пример Џеваир Велиу, претседател на под огранокот на ПДП, Сабри Велиу и Абдуменат Беџети, бивш министер во Владата, со 50-тина активисти за цело време додека траеле изборите вршеле терор над избирачките одбори и над гласачите, а во 18,00 часот членот на листата на ПДП за советници, Ариф Реџепи ја искршил кутијата на изборното место 1987 и пукал со огнено оружје со цел да ги заплаши гласачите.

Во с. Мала Речица на изборното место 1992 Луан Амети, член односно активист на ПДП, познат како активист и за локалните избори 1996 година и кој е во списокот на пратениците на ПДП, ги наредил активистите на ПДП да ги кршат гласачките кутии.

Во с. Долно Палчиште, општина Камењаре, на гласачкото место 2063, Сали Емини, претставник на ПДП пукал со огнено оружје и ја скршил гласачката кутија. Името на Емини се споменува и во информацијата на МВР со иницијалите С.Е.

Во општина Желино по наредба на Несими, во с. Палатица се подигале барикади за да се спречи поминувањето на општинската изборна комисија од Желино и да го следи процесот на гласањето во ова село, каде на што на големо се покрале гласовите.

Во село Робле општина Желино, членовите на ПДП Весел Исени, Екрем Шаини, а првиот е во листата на ПДП за советници, ја искршиле гласачката кутија. Според информацијата на МВР против нив се поднесени кривични пријави.

На гласачкото место во с. Церово е искршена гласачката кутија од страна на активистот и член на избирачкиот одбор, предложен од страна на ПДП Сафет Адеми, а против истиот според информацијата пак на МВР е поднесена кривична пријава.

Почитувани колеги, колку има вистина во информацијата на ПДП, која според аргументите што ги имам е обичен политички памфлет.

Дозволете уште неколку аргументи да искажам за општина Теарце, тетовско.

Кандидатот на ДПА добил 9.900 гласови, додека кандидатот на ПДП добил 2.500 гласови. Изборната комисија во општина Теарце се состоеше од четири члена и претседател. По еден член имале

партиите СДСМ, ВМРО -ДПМНЕ, ПДП и ДПА. Од сите четири члена нема ниту еден приговор за текот на гласањето одржано на 10 септември 2000 година.

Врз основа на записниците од избирачките места, потпишани од членовите на сите избирачки одбори, колку ги има општина Теарце 22, изборната комисија изготвува записник за утврдување на резултатите од изборите, а на истиот записник нема никакви приговори од претставниците на политичките партии. Приговори има само Несими во вид на еден политички памфлет за кој за жал ние веќе овде 12 ден расправаме. Несими има приговори затоа што на 10 септември решил со својата математика да победи неговиот кандидат за градоначалник, спротивно на волјата на гласачите. А знаејќи дека со регуларни и фер избори не можеше да победи, наредил уште во утринските часови да се искршат гласачките кутии. Така во с. Нераште, Фадиљ Џафери, член на листата на ПДП, ја скршил кутијата на изборното место бр. 1031, а во истото село Самет Љатифи, член на ПДП, ја искршил кутијата на изборното место 1030. Според информацијата на МВР, против овие лица има поднесено кривична пријава. Во 9,00 часот Маи Несими, му се заканувал на членовите и на претседателот на изборната комисија во општина Теарце, а на Ќазим Медиу, член на избирачкиот одбор, предложен од ДПА во избирачкото место број. 2014, во с. Теарце, на кој му се заканувал. Од овие аргументи, во резултатите на локалните избори во општина Теарце, а не само во оваа општина логично секој може да заклучува кој имал причина за рекетари, платеници и што не друго, како бандитот Несими, или зборови Неговата сорта, има или имаат една единствена цел, да се сатанизира албанското гласачко тело. Би било коректно, опозицијата, односно челниците, доколку ги има на ПДП, пред јавноста да признаат дека изгубиле на власт со СДСМ, која власт впрочем убиваше албански граѓани, по Бит Пазар, Речица, Гостивар, Кичево, Тетово итн. Според лично мое убедување, оваа информација на ПДП, ги претставува Албанците како да не знаат како да гласаат и за кого да гласаат. Дека немало избори во западниот дел на Македонија, не е точно. Нешто друго е точно. Во западниот дел на Македонија, гласачкото албанско тело како и порано, решило да гласа за ДПА.

На крај информацијата на ПДП, не заслужува внимание, па од тука не би сакал повеќе да му додавам ниту еден збор. Според мене и според моето длабоко уверување, а и не сакам да верувам дека до овој степен е расипано албанското битие, кога навистина некој Албанец би ја напишал таа информација.

Во однос на пратениците од ВМРО - ВМРО, значи во однос на тоа што им се случи, жалам, и барам целиот настан да се расветли од компетентните органи на државата. Не верувам дека има некој што не ги осудува немилите настани, но, мора да се анализираат причините и последиците на тие настани. Причините се предмет на компетентните институции на државата, а последиците сите ги знаеме. И ви се молам уште нешто на крај. Има уште полошо за што верувам не сте запознати сите.

Некои припадници што леат солзи за трагичните настани по повод локалните избори, заборават дека челниците на нивните партии продолжуваат да фрлаат бензин во огинот, оти тие во улога на мисионери, улога на некој си мировници, уште ги охрабруваат спротивставените страни да пукаат. Ако баш сметаат господата од ПДП, дека некои, било поранешни пратеници што биле скоро повеќе од 10 години, некои нови, да расправаме објективно, без субјективизам за локалните избори, ДПА има подготвено материјал од 122 страници и доколку мислат дека некои проблеми треба да се решаваат заеднички и често пати леат солзи за тоа, ние сме спремни да ги анализираме тие настани, но не верувам дека со некои од тие, не верувам со сите може нешто да се постигне. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г-динот пратеник Јонуз Абдулаи.

За реплика се јави г-динот Аце Сајкоски.

**АЦЕ САЈКОСКИ:**

По излагањето на г-динот Билали, г-дине потпретседателе забележавме за разговори околу негативностите на изборите. Сето тоа во ред, меѓутоа, во текот на вчерашниот ден пратеникот Димитар Бузлевски во овој проблем го искажа поводот и последиците, меѓутоа не ги изнесе причините за сите тие случувања, а причините се познати на сите. Тоа е желбата на опозицијата што побрзо да се врати на власт, односно да ги врати старите позиции што ги имаше порано. Меѓутоа, тоа

не може така да се случи, демократијата го знае патот како до тоа се доаѓа, а тоа се случува само преку редовни парламентарни избори.

Меѓутоа, мора да се обезбеди нормално работење на овој Парламент и на Владата и на целото наше организирано општество. Позицијата и опозицијата мора да се договорат за работа. Правени се повеќе обиди, иницијативи, да се седне и да се разговара и да се утврди начинот на усогласување на активностите во интерес на државата и на граѓаните. таквите обиди пропаѓаат. Еден таков обид беше направен пред третиот круг од претседателските избори, кога на колегата Љубомир Поповски му беше понудено да пренесе на неговата партија да се седне и да се разговара за оваа проблематика, со цел да се откажат од третиот круг на претседателските избори со единствена цел, бидејќи се знаеше гласачкото тело на Албанците кое беше определено за сегашниот претседател Трајковски, по нивната изјава дека на нив не им се потребни гласовите на Албанците. Апсурд беше дека Албанците ќе гласаат за кандидатот кој не ги сака нивните гласови. Тогаш останавме на истото тоа место, а сега и оттогаш и досега сме на истите тие позиции.

Мене ми се чини дека истата ова иницијатива Љубомир Поповски им ја пренесе на СДСМ, односно на опозицијата за да се седне и заеднички да се утврдат позициите во општеството на позицијата и опозицијата, а со тоа ќе се знае кои функции припаѓаат на позицијата кои на опозицијата. На тој начин ќе има почитување на гласачкото тело и на опозицијата и не позицијата и на тој начин ќе се создадат услови за конечен натпревар на позицијата и опозицијата, а не како што е сега да се блокира работата на позицијата.

Од тие причини, за да не се случуваат и активности што негативно се проследија на изборите би требало и ги повикувам Љубомир Поповски од една страна да ја пренесе оваа иницијатива, ако не го стори тоа тогаш овој пат да седнат позицијата и опозицијата и да се отвори патот на соработка во интерес на државата, а со тоа имам гаранција дека изборите во наредниот период ќе бидат навистина демократски, фер и онака како што посакуваме. Во тоа е и суштината на плурализмот.

**ИЛЈАЗ АЛИУ:**

Благодарам на пратеникот Аце Сајкоски.

Има збор г-динот Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани новинари и сите други.

Чест ми е денеска да бидам меѓу последните маратонци во овој маратон на пратениците, но сметам дека и на македонската јавност, а и на нас пратениците ни беше потребен еден ваков маратон, да се видиме кој каде сме кондиционо, бидејќи овде многу во тој контекст се зборуваше. Јас токму од тој аспект ќе ја започнам мојава дискусија, бидејќи на овие четири точки кои се на дневен ред, а опфатени во една за локалните избори во 2000 година, потоа за информацијата за загрозеноста на личниот интегритет и безбедноста на пратениците на ВМРО -Вистинска Македонска Реформска Опција, потоа за информацијата за текот на локалните избори во Западниот дел на Република Македонија и на крајот предлог Декларација за осуда на секаков вид загрозување на личниот интегритет и безбедноста на пратениците.

Ќе се обидам да бидам краток, бидејќи не би сакал да се повторувам во дискусијата со моите ценети колеги, но не на сите и веднаш се оградувам од сите навреди, клевети, невистини, бидејќи не сакам друг збор да употребувам, што овде од оваа говорница беа искажани, бидејќи на нас пратениците тоа најмалку ни доликува, кои сме народни претставници и тоа треба да го докажеме. Во тој контекст јас ќе се обидам, но другите да оценат колку во тоа ќе успеам, мојот електорат да го претставам во овој највисок дом, законодавниот дом, во Република Македонија за која што сум и повикан, но и одговорен да го кажам нивниот глас и нивниот збор.

Впрочем, за што се работи?

Локалните избори во општина Гостивар, бидејќи ќе настојувам во општина Гостивар и гостиварско да се задржам, поминаа во невиден ред, а за тоа покажуваат резултатите. Јас сум просто изненаден какви избори сме имале во Гостивар, посебно во градот и во деветте општини кои произлегуваат од старата општина Гостивар. Зошто сум изненаден фактите зборуваат.

Во општина Гостивар, во советот на општина Гостивар, кој се конституира минатата недела имаме претставници на повеќе политички партии и тоа ДПА 9 советници, СДСМ - здружена опозиција 6 советника, како никогаш досега, кога СДСМ

и другите беа најјаки, ПДП - двајца, Вистински пат - Партијата на демократската акција вистинска акција 1 советник и ВМРО - ДПМНЕ и ДА т.е. Демократската алтернатива 1 советник. Овие се факти кои зборуваат дека во Гостивар имавме фер и демократски избори, бидејќи ако ова го немаше тогаш СДСМ, ПДП и другите не ќе можеа да имаат ниту еден советник, а во најдоброто време нивно, најлошото и најцрно наше, 1996 и 1997, за Гостивар и Гостиварско СДСМ имаше само двајца советника. А денеска во овој нов совет на општина Гостивар ги имаат шест. Ве молам, нека заклучи јавноста дека кој коме, и зошто му ставал сопки. Кога впрочем резултатите зборуваат. А знаете кој се сопнува, кондиционо слабиот, паѓа се обидува да го сопне другиот но не успева. Бидејќи тој е јак, кондиционо, она што овдека беа изнесени тие тези што значи кондиционо, што значи да се игра фудбал, да се биде до фудбалот, на фудбалот, испот, одозгора и така натаму, не би сакал да се задржувам на тоа бидејќи сум тотален аматер во фудбалот и околу фудбалот, но ќе спомнам на крајот, сега во политиката има место за сите но не и во фудбалот, па затоа втор аргумент дека ПДП кога беа најсилни во општинскиот совет во Гостивар имаа само тројца советника.

И ве молам, сега има 2 и фер и демократски избори, бидејќи само толку гласале за нив. А во другите општини кои произлегуваат од старата општина Гостивар, јас ќе напомнам три општини и тоа: почнувајќи од Бошков мост, бидејќи некој е sklon да спомнува имиња на градови, села, маала ти реков, ми рече, па господо, сите сме подготвени, и јас морам во овој стил и јас да се преокренам па да видиме дека можеме и ние да спомнуваме и маала, и села, улици, имиња итн. Но, се со факти.

Следниот факт е во општина Ростуше од Бошков мост па до општината Маврови Анови. Победи градоначалникот т.е. кандидатот за градоначалник на СДСМ - здружена опозиција. Па ве молам, да имаше нефер избори и се друго што тука беа спомнати, па дали ќе можеше кандидатот од СДСМ да се приближи, а не да победи во општина Ростуше.

И, понатаму, во општина Чегране, ве молам, од Чегране ќе ви спомнам дека јас заедно со мојот колега Мухамед Таири, кој може да ми реплицира, а и сите други бевме комплетно на теренот цело време за време на изборите и денот на изборите па и во Чегране и воопшто немаше ништо што се изнесува во информацијата на ПДП, најмалку автомати и ред други оружја, бидејќи ние сме во власта заедно со коалиционите партнери ВМРО - ДПМНЕ и ДА и ги имаме сите муниции во и на располагање, бидејќи не викаме дека сме претпладне - позиција, - попладне опозиција. Или друго, да ја критикуваме нашата Влада за која што сме гласале и сега да кажеме не. И јас се оградувам од дел на министри или од претседателот или од потпретседателот на Владата а јас сум гласал. Ве молам, тоа беше и замина. И никогаш да не се врати, бидејќи овдека никој никого со зор не тера за никого да се жртвува и да гласа, туку со лично свое убедување.

И додека сме во Чегране, ако сакате можеме да бидеме и подолги во Чегране активистите кои беа тие се активисти на ДПА, но не само во Чегране и во сите други општини, почнувајќи од Неготино, Врапчиште, Бањица, Србиново, во Маврови Анови и Ростуше, нормално и Гостивар, тие беа активисти на ДПА и не смее, ве молам, нивниот глас мене ме донесе овдека во Парламентот на Република Македонија и јас нема да дозволам никој нив да ги именува со грдни зборови и терористи, црно кошуљаши, фашисти, рекетари итн. Ве молам, и тој тоа ако го изговорил досега, а тоа беше и во Комисијата и во овој Парламент тоа е испод секое ниво. Тие се наши активисти, симпатизери на ДПА, ќе спомнувам и имиња, дали е возможно да Гостивар и гостиварско тие активисти ги знае, дали е возможно да тие активисти бидат рекетари, да бидат фашисти и се друго. А тука беа спомнати имињата на Рефет Елмази од Чегране, дека човекот бил во Чегране со полн багаж на автомати и на се друго што беа спомнати. Ама воопшто тоа е чиста лага, од тоа нема ништо, или името на Кадри Кадриу, заменик министерот за одбрана во Владата на РМ, дека вршел ваква или онаква пропаганда или овај присила во општина Неготино. Апсолутно ништо од тоа вистина нема, бидејќи лично сум се сретнал со заменик министерот за одбрана и во Неготино, и во Добри Дол, и во Градец, каде што човекот беше ангажиран да не дојде до конфликти, бидејќи на Гостивар и гостиварско доста му беа тие конфликти и тие малтретирања од 1997 година. И ве молам, повеќе никогаш Гостивар нема да изгледа како во времето од СДС и ПДП 1997 година, кое што време јас го споредувам со времето за Гостивар пак велам, за времето од 1970 години на војната фунта во Чиле. Кога во Гостивар не смееше да се излезе од капија, бидејќи се што се излегуваше се се затвораше и убиваше. Но Гостивар го помина тој период и сега за

Гостивар треба да се ангажираме сите. Бидејќи Западна Македонија може да се дискутира овдека од политички но посебно од економски аспект.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:** (Продолжение)

Бидејќи сите граѓани кои живеат во Западна Македонија и во цела Република Македонија, заслужуваат еден друг стандард, да не создаваме жаришта како што беа досега создадени, сега да најдеме дежурни виновници за неуспесите што ги имаше тогашната Влада. Но сега да бараме успех во западниот дел на Република Македонија, бидејќи сабајлината доаѓам од општина Гостивар, каде што кај градоначалникот на општина Гостивар бевме на честитање. Но сметката на општина Гостивар беше блокирана и такви многу општини имаме, каде што господо пратеници сме ги бирале луѓето, сме им ја дале довербата ние како граѓани на Република Македонија и другите, а воедно економски сме ги врзале. Знаете зошто, бидејќи се плаќаат долговите од првите локални избори кога се градеа патишта да се добијат локалните избори и борџоите сеуште се плаќаат. А ја се прашувам, па зошто да плаќаме борџои како општина Гостивар кога се гради пат на местото по катастар викано место на Република Македонија, на местото каде што инвестициите се вложени од фондовите на Република Македонија, од државни претпријатија како што беа Гранит, Маврово, Пелагонија итн., и сега некој да си остане борџ и некој за тоа да не може да си ја реализира својата програма за што ги добил и гласовите.

И ве молам, кога веќе сме кај кондицијата јас би сакал само ова да ви напомнам. Во трката за локалните избори опозицијата еден дел беа организирани многу амбициозни, но изгореа пред стартот и на стартот не го контролираа своето движење и паднаа на испит. Другиот дел од опозицијата воопшто не беше организирана и сакаше по секоја цена да ги добие локалните избори. Не се прави и не се подготвува курбанот пред два дена пред курбан бајрам, туку тој треба да се подготви, а во односот треба сите да знаат дека не може некој да си биде жртва за нечии интереси партиски и во тој контекст се сожалувам со семејството на починатиот Фатмир Јакупи и се оградувам од сите злосторства, од сите работи кои донесоа до жртва и до жртви, а воедно и од таквите активности кои можеа да не внесат во немили води. Па затоа и интервенциите и загрозувањето на личниот интегритет и безбедноста на пратениците од ВМРО - ВМРО сметам дека треба да се најдат виновниците и на жртвите од локалните избори и на тие загрозувања и таквите напади кои беа пред домовите на нашите колеги пратеници, бидејќи во оваа правна држава треба да функционираат сите државни органи за што ние како пратеници и добивме материјал од Јавното обвинителство. Ве молам, сите информации сме ги имале како пратеници и сме расправале во комисиите и затоа сметам дека сите немили настани кои се случија треба да ни бидат добра поука за наше поорганизирано делување, а ДПА во целост е подготвена со сите структури партиски да воопшто не дојде до никакви конфликти, бидејќи сме јака партија, организирана и сме подготвени за локалните избори на што и докажавме, сме подготвени и понатаму за другите избори парламентарни кои ни следуваат, па макар тие биле и вонредни. Затоа сметам дека во тој контекст ние ќе го дадеме комплетно нашиот допринос и од никого не сакаме совети да ни советуваат како ние треба да се понашаме во позиција. Тие беа во позиција, ги знаеме и народот тоа го знае како тие се понашаа, ние сме сега во позиција, ја носиме одговорноста и затоа до крај и доследни ќе бидеме, бидејќи гласот на народот, тој е меродавниот кој ќе одлучи дали јас како пратеник ќе бидам овдека и понатаму или нема да бидам, а затоа сум подготвен, ако тоа мојот електорат го побара од мене, бидејќи 18 години бев под сенка можам уште 18 години, не рачунајќи ги овие две што бев овдека пратеник во Парламентот на Република Македонија да бидам, бидејќи многумина се искажаа кој каде е. Пратениците од ДПА не се ниеден, во ниеден борд на јавните претпријатија, телекомуникации, Електростопанство, за патишта, за здравство итн., но ние сме дојдени овдека како пратеници да работиме и законската регулатива да ја носиме. Во тие рамки и сите законски обврски што и стојат на Владата, но и на нашето општество сме подготвени рамноправно да учествуваме и во нив да го дадеме нашиот допринос. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Јонуз Абдулаи.

Реплика има господинот пратеник Пајкоски Латиф.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, јас сите овие 12 денови кога расправаме по поднесените

информации цело време размислував дали воопшто треба да се вклучам со своја дискусија, особено по точката која што ги опфаќа изборните активности по повод локалните избори 2000 во западниот дел на Република Македонија и сепак до крајот останав убеден дека не треба со своја дискусија да учествувам затоа што мислам дека многуте дискусии во голема мерка опфатија се што требаше да се опфати, дури имавме прилика и многу работи на кои што воопшто не им беше место да бидат искажани во овој Парламент. Но еве сега незнам од која причина колегата Абдулаи, во контекст на својата дискусија анализирајќи ги изборните активности во Гостивар и гостиварско и очекував тука да застане, ја спомна општината Ростуше, општина во која што јас живеам, од која што доаѓам и која што ја претставувам, влегува во изборната единица 51. И овој пат не би сакал со многуте аргументи да го демантирам колегата Абдулаи во однос на неговата констатација дека фактот што во Ростуше победи кандидатот кој што победи, тоа е досегашниот градоначалник господинот Фуат Дурмиши и желбата на граѓаните од оваа општина, без разлика на нивната верска, национална па дури и партиска припадност да го дадат својот глас за овој човек, не би сакал да биде омаловажена само со една констатација дека ете таму изборите протекнале во најдобар ред и според сите стандарди. Тука сакам само како демант само да ги спомнам настаните во првиот и во вториот круг во селото Могорче, кога всушност, благодарение на активисти, ај да не ги нарекувам рекетари и уште да кажам тука дека Демократската партија на Албанците воопшто не учествуваше во оваа изборна единица, во оваа општина ниту со своја листа за советници, ниту со свој кандидат за градоначалник и тоа е уште една причина, незнам зашто се спомна оваа општина. Во Могорче на два пати имаше прегласување заради големиот број на неправилности што се јавија на ова избирачко место. Всушност првиот круг, благодарение на активноста на лица дојдени од страна кои што не живеат во оваа општина, граѓаните беа попречувани за само 50 гласови да не кандидатот за градоначалник помине и во првиот круг. Тука беа изборите повторувани неколку пати и последното гласање во ова село се одвиваше со присуство на целиот состав на општинската изборна комисија за да можеа изборите да се дотераат до крај.

Понатака, големата неправилност во селото Врбјане, чисто албанско село, село населено со Албанци, каде што во првиот круг од 460 запишани излегле на гласање само 40, всушност тоа е реалната бројка на присутни граѓани во тоа село. Но вториот круг се случи нешто чудо и во тоа село излегоа на гласање 99% од гласачите и сите гласови ги доби кандидатот на Демократската алтернатива кој што беше противкандидат на сегашниот градоначалник, а сегашниот градоначалник доби само два гласа. Понатака, во тој контекст сакам само патем да ги напомнам и многуте неправилности во изборниот процес во општината Маврово, таму всушност и изборите за советници не се ни завршени, така да не случајно во селото Нистрово, на тоа изборно место гласале двајца во првиот изборен круг, кои што се малку од поодамна починати, едниот од Жупа, едниот од Нистрово, но ете се случи дека луѓето гласале, гласале луѓе кои што се во Белград и на други места, но со ова се разбира не сакам да изнесувам факти кои што ќе правдаат или нема да правдаат одредени постапки, но само сакам да ја искажам вредноста на определбата на граѓаните особено во општината Ростуше, кои што, повторувам за тој кандидат не гласаа или може да се каже најмалку гласаа само членовите на Социјалдемократскиот сојуз. За тој кандидат гласаа граѓаните, сметајќи, се разбира дека во изминатиот четиригодишен период човекот направил доволно за да може да ја добие довербата и по втор пат. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Пајкоски Латиф.

За реплика се јави господинот пратеник Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Во однос на репликата од колегата Латиф Пајкоски сметам дека воопшто нема место и не држи, бидејќи јас реков и пак ќе повторам дека во општина Ростуше победи кандидатот од Здружената опозиција, кандидатот од СДСМ. Точно со име и презиме Фуад Дурмиши и ништо друго. И во однос на сите овие што ги изнесе господинот Латиф Пајкоски, јас ништо од тоа не реков, нити најмалку сакам да навлезам во тоа, бидејќи и понатаму братот на почитуваниот колега Латиф Пајкоски е на одговорно место во општината, т.е. во Министерството за внатрешни работи во делот на ОВР Гостивар - општина Ростуше и во тоа сметам дека можеме да полемизираме ако ова не е точно. Благодарам потпретседателе.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Јонуз Абдулаи, па да завршиме со овие реплики да му дадеме уште еднаш можност на пратеникот Пајкоски Латиф.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Прво, благодарност за колегата Абдулаи што веровaтно дал свој придонес што мојот брат и понатака е на одговорно место во Министерството за внатрешни работи, но исто така во оваа прилика јас би го замолил, ако има можност да го искористи својот авторитет и еднаш за секогаш да превземат активности мојот брат, ако според своите квалитети не заслужува да биде на тоа место - командир на селска полициска станица, на кое што место до вчера со осмо одделение беа луѓе, а се работи за високо образован кадар и ако ова е во континуитет продолжување на заканите *со* мојот брат, тогаш би го замолил уште денес да преземат активности братот мој да биде сменет од тоа работно место, но во секој случај нема ама баш никаква врска со ова што сакав јас да го кажам. Јас сакав да кажам дека резултатите од изборните активности во општината Ростуше се резултати кои што произлегуваат од желбата на граѓаните, а не заради фактот дека имаше организирано вакви или такви избори. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и вам.

Збор има господинот пратеник Стојановски Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе еве и последниот говорник, господинот Пајкоски, а и многу други пред тоа, јас се јавив претходно за процедурална забелешка, употребуваат дека во овој собраниски состав во Парламентот постои некоја партија ДПА. Јас како пратеник на овој парламентарен состав во почетокот на конституирањето на ова Собрание добивме извештај од Изборната комисија која беше верифицирана преку Собранието на Република Македонија, кога се верифицираа нашите мандати, таква партија не излегла на изборите 1998 година, него излегле други партии кои добиле соодветни мандати и кои се познати во Парламентот. Од така да речам албанскиот корпус на партии во тој период во верификација на мандатите беа излезени две партии - Партијата за демократски просперитет и Коалицијата Партијата за демократски просперитет на албанците со Народната демократска партија.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

И, сега во разговорите се спомнува некоја демократска партија на Албанците. Од моментот кога го верифициравме мандатот на тие пратеници и политичките субјекти што стоеја зад тие пратеници, општо е познато дека се формираа нови пратенички групи овде во Парламентот и ние пратениците за сето тоа бевме уредно и писмено известени.

Затоа, јас прашувам, дали евентуално од некои политички субјекти овде во Собранието досега што не сме известени, е формирана нова пратеничка група, за која досега не сме известени а се употребува во скратениот термин ДПА. Доколку е така, би требало уредно да бидеме известени и информирани пратениците, а доколку не е така, ве молам, господине потпретседателе во комуникацијата и употребата на некои измислени партии да се реагира по тоа прашање, не само од ваша страна туку гледам дека таа е примена и упорно се влече и во материјалите на Собранието на Република Македонија, а исто така и во јавните гласила. Но, во јавните гласила ние нема што да се мешаме и јас инсистирам како пратеник на овој Парламент да бидам легитимно запознаат околу таа ситуација, која за мене не е јасна. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, благодарам.

Мислам дека ќе ги имаме предвид вашите забелешки и сугестии.

Уште еднаш за реплика се јави пратеникот Јонуз Абдулаи.

Да го слушнеме, па потоа да му дадеме збор на господинот пратеник Слободан Даневски. И, со ова сметам дека ќе можеме да ја заклучиме оваа педесет и седма седница на Собранието. Повелете.

**ЈОНУС АБДУЛАИ:**

Почитуван потпретседателе, во однос на репликата со пратеникот Латиф Пајкоски, јас не ја сметам како реплика, ни првата, ни втората, ни третата, ни понатаму која ќе следи од господинот Латиф Пајкоски, бидејќи нема таква реплика, а кога ќе има ќе ја прифатам.

Во однос на таа молба што беше упатена до мене како пратеник од ДПА, јас и мојот авторитет, јас нему да му кажам дека пратеникот Јонус Абдулаи воопшто не му помогнал ни на брат му, ни на брат ми, бидејќи овдека беа искажани многу работи, брат и браќа и се друго, но јас немам брат и нема потреба да му помогнам на мојот брат,

а камоли на братот на Латиф Пајкоски, бидејќи кадровската политика друг ја води, а не пратеникот и пратениците.

Во ДЛА, да го запознам почитуваниот колега Латиф Пајкоски има кадровска политика, но за членовите на ДПА. И во тој контекст, ама ништо нема место да се мешаат некои работи.

Што се однесува до улогата и улогите кои ги заземаат одредени лица, јас не навлегувам во професионалниот дел, бидејќи има служби при Министерството за внатрешни работи, кои тие тоа го оценуваат, а тоа можеме да го расправаме ако биде на дневен ред и таму каде што треба. Но, овој состав на Парламент тоа воопшто не го заслужува. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Јонуз Абдулаи.

Вие, почитуван господине Чифлиганец се јавувате за збор за точката која е на дневен ред, или барате реплика. Тогаш, ако се јавуваат за збор, прво ќе му дадеме збор на господинот пратеник Слободан Даневски, па потоа сте вие на ред господине Чифлиганец.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, јас денеска морам да дискутирам, затоа што јас бев нападнат, загрозен е и мојот дом, моите деца. Од тие причини размислував дали да дискутирам. Укажувањата на граѓаните беа дека ние претеравме. Еве, ова веќе еден месец дискутираме, овој маратонски рок наликува на Касандра, па мислам дека денеска ќе заврши.

На почетокот, жалам за жртвите и сочуствувам со сите оние кои беа жртви во овие избори 2000 година. Сигурно ги осудувам сите оние кои направија неред на пратениците, на нивните домови, на нивните семејства, на нивните деца. Нешто што ми се случи во овој период од еден месец е настанот "Радко". Мислам дека за ова треба да продискутира и Парламентот и пошироката јавност. Затоа што, ова прашање е забетонирано, ова прашање е апсолвирано. Во Македонија живеат Македонци и нема бугари. Мислам дека ова што сака да се наметне во овој момент, кога Македонија е пред потпишување на многу значајни документи што се многу значајни за опстанокот на Република Македонија, ова некако ми наликува на 1990 година со оној бугарски памфлет. Ова не е случајно, ова се работи намерно. И, ако овој господин Ѓорѓи Младенов изјавува, јас со резерва на новинарите, зависи кој весник читате и од кој новинар, дека не е толку глуп колку што изгледа. Не да е глуп, туку уште поглуп е. Затоа што во Македонија живеат Македонци и тоа што тој сака да апострофира дека во Македонија живеат бугари, таа теме повеќе не пали. Тие сценарија се завршени и што некој сака низ Парламентот мртовци да ни вози тука, почнувајќи од Ванчо Михајлов, сега ни води мртовци, и да ќаруваа евтини поени, и тоа прашање е одамна завршено. Затоа, за тоа прашање ќе се позанимаваат историчарите.

На онаа тема на која што јас сакам да дискутирам е тоа што се случи во мојот дом, затоа што нема она што сакаше да го претстави господинот потпарол Владо Бучковски, дека незадоволството во Свети Николе, 90% незадоволни и е каменуван домот на Слободан Даневски. Не е ни случајно. Јас имам обврска да дискутирам за моите деца и ако гледаат во телевизорот нека го исклучат. Тоа е едниот момент.

Вториот момент е генезата на ова политичко насилие и насилство. Ова што се мултиплицира од избори во избори, бидејќи е темата политичкото насилство, некој ќе праша во што е проблемот. Бидејќи многу тука од нас колегите дискутираа за општини, за избори, за неправилности, за рекетари. Ова претходи како подготовка цела година. Ова е проблемот на господинот Бранко Црвенковски. Неговото време оди. Неговото време се троши. Тој, барајќи изговор како да го надомести времето, бидејќи има и сериозни проблеми во својата партија и не сакам да зборувам за Црвенковски, бидејќи не е присутен тука, тоа е проблем на СДСМ. Брза господинот Црвенковски да добие во игра на времето. И, затоа, повеќе фазните сценарија стапуваат на сцена, првото, второто и третото и ред други работи.

Ова го истакнуваше нивниот потпарол господинот Владо Бучковски. Сценариото се знае што е. По секоја цена да се докажи дека ова референдум, по секоја цена да се добие власта. Господинот Бранко Црвенковски имаше шанса да каже бараме предвремени избори, но господинот Црвенковски не бара предвремени избори сака со манипулации да се направат рокади во Парламентот. Тоа е сценариото. Да се покаже дека во државата не функционираат системите, дека Парламентот е во криза, дека Владата не функционира, да не се добие доем дека Слободан Даневски ја брани Владата. Ни случајно. Владата во секоја, држава е државен кривец за се. И за многу работи ќе биде напаѓање, уште

пожестоко напаѓање. Но ова е шемата. Планот Б. Затоа што Црвенковски е загрозен внатре. Ако господинот Глигоров беше најголемата инвестиција на СДСМ господинот Бранко Црвенковски е најлошата инвестиција. Иако е најпопуларна личност таму. Иако е најпопуларна личност ниеден не може да се доближи од нив. Апсолутно најпопуларна личност. Но времето му оди и сериозно ќе размислат нивните аналитичари, затоа што четири пати со ред ги губи изборите. Тоа да е во некоја друга земја, како што сака да декларира демократија уште на самиот почеток ќе се откажеше. Но тој работи во функција на оваа власт. Најдобро решение ако дојде некој други, можеби ќе ја рушат оваа власт. Но дека е Црвенковски и самите избори ги губат. Тоа јас го кажувам во континуитет, ова им го кажувам уште во 1994 година. И така од оваа говорница им кажав дека ги губат изборите и ги изгубија. И 2002 година ќе ги изгубат изборите. И тоа дека сакаат да покажат дека жалат за Македонија, тоа се само памфлети, и допрва ќе престојат проблеми во нивната партија, затоа што и таму има паметни луѓе. Не може да бидат пиуни, маргиналци да бидат.

Зошто некој ќе каже Слободан Даневски толку отров спрема Бранко Црвенковски. Зошто толку напади спрема Црвенковски, затоа што ова доаѓа во континуитет. Милитантниот речник на господинот Црвенковски при секое доаѓање во Свети Николе, да се руши Слободан Даневски. Таа институција треба да се сруши. Треба да се скрши. Не се бираат начини, јас им честитам за прв пат оваа година доби градоначалник СДСМ, и честитам добија после десет години. Она што сакаше да го прикаже на овие избори господинот Бучковски, кој јасно праќаше сценарија што ќе се случи, како ќе се одвиваат работите, сега се вози пламот Б, граѓанско незадоволство, работниците на улица, да се блокираат границите, да се разори ВМРО - ДПМНЕ, бидејќи е на власт, да се игра на бугарската карта, да се игра на албанската карта, да се направи поделба дека Бугарите и Албанците ќе ја делат Македонија, дека е загрозена Македонија и се оди на плацот Ц, господинот Тупурковски кој треба да одигра улога да се прекрои внатре Парламентот. Тоа е планот Ц. И сега не знаеме ќе се оди до Ш.

Се поставува прашањето кој прв почна. П.М. Доаѓаме во време кога учениците се подобри од професорите. Прво ова го почна СДСМ и нормално на таква кампања се одговара со таква кампања. Политичко насилие со политичко насилие. На ова му нема крај и нема тука што да бараме кој е виновен. Одговорноста, ја носат сите лидери на политичките партии, затоа што кампањата на овие избори се водеше дека се кампања за парламентарни избори. Не се работеше за локални избори. Кој носи одговорност. Носи и Парламентот. Но, никој не сака да проговори носат одговорност и Владата сигурно која е извршител, која треба да ги прати изборите, но никој не проговори дека носат одговорност и новинарите. Никој не сака да прозбори за новинарите. Немој да се закачате со новинарите, новинарите имаат многу хартија и многу мастило и ќе ве црнат. Ако постои политички рекет, ако постои и постои корупција и криминал кај политичарите, тврдам одговорно дека постои. Имаме сега ново рекетарство, имаме рекетарство, новинарско рекетарство. Ги уценуваат директорите. Ги уценуваат политичарите за евтини пари. Не се евтини пари. Се формираат нови списанија, се перат пари преку куќи новосоздадени, никој не се и тие носат дел од одговорноста. И тие учествуваат во дел од историјата на Република Македонија.

За неправилностите, за убиствата. Ова носи континуитет од 1990 година. Некој од пратениците спомнува дека се манипулирало со албанските гласови. Не е вистина. Со албанските гласови, да ќе ви докажам. И ПДП добиваше 99,9, кога му требаше 1998 година на Нано Ружин му требаа 2701 глас. ПДП му ги даде, така на рака. Изгуби Борозанов и Тортевски. Кога му требаа на Илија Филиповски, 506 гласа, 506 гласа на тањир. Така е било тоа и немојте да кажете дека не е било така немојте да ги затварате очите пред вистината. Тоа е вистината. Не дека не биле крадени кутии, туку дека во 1996 година беше тепан новинарот на Сител, скршена камера, нокаутиран и тепан новинар. Така што насилството од година во година се мултиплицира. Сите носиме одговорност. Тука имаме едни фигури, кои никако не испаѓаат ниту од Парламентот ниту од политиката, кои се вечни. Тука се во првите редови и тие носат одговорност.

Она што постои како опасност, дали Парламентот ќе ја одигра улогата да го легализира насилието, политичкото насилие, тоа е нашата одговорност. Она што ни доаѓаше со време, Анкетната комисија се исплати на. Направивме тотална була, нема одговорност, ги амнестиравме криминалците во редот на политичари, бидејќи криминалци има секакви, ги амнестиравме

криминалците, не постои никаква одговорност, две години работевме и сега Парламентот е на испит, дали ние ќе го легализираме политичкиот криминал, или политичкото насилство.

Би ви кажал една работа, да не повторувам, многу пратеници кажаа многу работи, една работа што се случи во Свети Николе. Тоа да се искорени за идните гласања. Влегува господин и става бело ливче. Го нема неговото ливче и е заокружен бројот 1 на СДСМ. И, секој кој ќе влезе на списокот од фирмите е задолжен да го врати ливчето. Се зема и се чека. Најдоа десет ливчиња, не поништија. Во сите изборни единици, бели ливчиња, заборавија на луѓето да им кажат на крајот дека тоа ливче треба да го скинат и дека не треба. Ги заборавија луѓето и не им кажаа дека тоа ливче треба да се скине, но бели ливчиња, тотално бели ливчиња. И тоа е една од проверките што се направени, да се избрише тоа за следните избори, кои ќе бидат.

Она што треба да го дискутирам и што реков дека јас мора да дискутирам, тоа е она што се случи во домот на Слободан Даневски. Не е Слободан Даневски загрозен, загрозена е институцијата. Ова што се случувало, овие нереди, овие каменувања, овие напади, тоа се случи кукавички во четири часот наутро. Мавано е со два камења поголеми од собата, детската соба каде што спијат моите две мали деца. Како да го прокоментирам ова? Мојот Томче е како на господинот Црвенковски Љупчо, синот. Мојата ќерка е Бојана, како ќерката на Црвенковски, Марија. Не е важно кој фрлил, важно е кој нарачал. Знаеме дека е важно кој го подметнал динамитот кај Глигоров, туку кој е нарачателот. Ова е софистицирана порака, која се праќа кај Слободан Даневски веќе на многу кукавички начин. Слободан Даневски не се плаши. И да загине Слободан Даневски, ќе загине за Македонија. И не е страшно. Многу загинале. Начинот да ги остави моите две деца, на прес конференцијата беше, да ги остави господинот Црвенковски, моите две деца. За да ова биде поткрепа на прес конференцијата потпаролот, кој мисли дека Македонија се "шрумфови" и тој како "Гаргамел" секоја вечер ќе не плаши пред камерите ги заплашува и вели дека ова е опомена за Слободан Даневски за неговата превртливост. И, ова е негов чист таму договор или незнам што, незадоволство 90% на граѓаните во општина Свети Николе, кои не се сложуваат со него, се замерил и тие 90% се револтирани.

Јас би му порачал на Бучковски, неговата порака беше Гебелсова, ги повикува тие 90% граѓани да дојдат во континуитет, да дојдат пред мојот дом. Нема зошто да доаѓаат граѓаните во Свети Николе. Јас верувам во институциите, ако институциите не ја завршат работата, Слободан Даневски си ја заврши сам работата. Фатени се и приведени активисти на СДСМ, тие кои се, незнам како ги викаат активисти, рекетари и незнам кои.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Да биде уште полошо претседателот на СДСМ од Свети Николе ангажира и праќа адвокати да ги бранат. Вмешаните се знаат. Вмешано е и едно лице од Штип, се знаат и колите, се знаат и регистрациите. Целиот случај е познат. Ќе видиме како ќе изреагира Јавното обвинителство, затоа што случајот е таков, поднесено е кривична пријава од мене, туку од Јавното обвинителство - покушај за убиство на непознат сторител. Ова е димензијата. Ова ме натера јас да зборувам. Инаку јас немав намера да зборувам.

Некој што сака да му помогне, оној што сака да печали поени кај господинот Црвенковски, тоа е некое новинарче Сашо Чолаковски. Бедна душа. Тој во својот напис не мора да го брани Слободан Даневски, но тој не го осуди насилството. Во исто време е каменуван и домот на неговиот колега. Не покажа солидарност. Каменуван е домот на новинарот на "Нова Македонија", господинот Љупчо Насков, на 20 метри од полициската станица. Замислете, во строгиот центар на градот. Тоа е негов колега, а не напиша ниеден збор. Не мора да ме почитува мене, така добил директива од СДСМ, тоа е утрински весник, таква е директивата, човекот, топовско месо, мора да работи. Јас го жалам. Требаше да пишува за својот колега новинар. Смогна сили да пишува, не го познавам почитуваниот Бранко Варошлија. Му ја укинаа колумната во "Дневник". Не сакам ни тој да ме брани, но тој смогна сили и напиша нешто реално за политичкиот терор и политичкото насилство. Не можеме ние да молчиме за она што ни се случува, од било која страна да доаѓа и било кој да е иницијатор. Не треба Парламентот да дозволи да легализираме насилство во Парламентот. Некој прашува што ќе ни се случува и таму. Но ова нема крај, ова нема да има крај. Како ќе завршат изборите, незнам.

Би завршил и би го замолил господинот Црвенковски да ги остави моите две деца, да не ги закача децата. Со Слободан Даневски може да се пресмета на

било кој начин. Јас му порачав, може и политички и физички да ме ликвидира. Не се плашам ни од Бранко ни од свети Бранко. Ако нешто е губитна комбинација, ако нешто е несреќа за овој народ, несреќа е владеењето на Бранко Црвенковски. Ако мисли дека ги лаже граѓаните, затоа што граѓаните на овие избори гласаа од незадоволството од ВМРО - ДПМНЕ, од лошото водење на политиката не од друго, не гласаа за СДСМ. Му препорачувам по трети пати да ми ги остави моите две деца. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Слободан Даневски.

За реплика се јавува пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, слушнавме од господинот Слободан Даневски дека после каменувањето на неговиот дом Јавното обвинителство има поднесено кривични пријава против сторителите. Јас тоа го поздравувам, го поздравувам тој службен гест на Јавното обвинителство. Меѓутоа, по трет пат, иако господинот Ставре Џиков, Јавен обвинител на РМ не е тука, меѓутоа, ќе може да слушне или ќе му пренесат, зошто, еве два месеци од каменувањето на нашиот дом и на пратениците кои се во ВМРО - ВМРО сеуште не поднесена кривична пријава против сторителите на оваа гнасно дело, иако нема човек во нашите градови кои не ги знае сторителите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јавува пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, јас би се јавил за дискусија уште на почетокот, но бидејќи ја искористив формата во согласност со Деловникот за работа на Собранието, реплицирав на еден од колегите пратеници, Илија Лазаров и сега пак ќе дискутирам, мислам дека тоа ќе биде повторување, бидејќи за овие 11 дена многу кажавме и само ќе се повторуваме. Суштината на мојата дискусија, тоа што се конкретно однесуваше за општина Радовиш е таа и не би сакал да ја повторувам, а најмалку сакам да давам тон од оваа говорница, понатаму да го делиме народот на Радовиш, бидејќи сите субјекти, без разлика на која партија припаѓаме, треба да го застапуваме интересот на граѓаните во Радовиш.

Втората причина што ме поведе да не се јавам за дискусија, бидејќи јас од Владата на РМ барав повеќе информации од сферата на економијата, па затоа сакам да ја искористам мојата временска прилика, простор, да дискутирам за економските односно за егзистенционалните прашања кога ќе бидат на дневен ред, а мислам пред овој Парламент треба да ги има почесто. Не мора да расправаме 11 дена за таа тема, да оставиме простор и да расправаме за економските, егзистенционалните прашања на нашиот народ.

На крајот, бев поттикнат од повеќе пратеници, не од претходниот дискутант. Мислам дека поедини пратеници веројатно ќе влезат во Гинисовата книга, кога дискутираат, не може а да не го спомнат по три-четири пати името на лидерот на СДСМ. Дали е во прашање нивното здравје, нивната искомплексираност итн., но за еден лидер на партија како што е лидерот на СДСМ господинот Бранко Црвенковски, мислам дека не држи место. Никогаш тие како пратеници не се повикавме без разлика од која партија е, дали лидерот на партијата е виновен за тоа и тоа. Мислам дека веќе е многу провидно постојано да се повикуваме на еден лидер од оваа говорница. Ако ви е целта да влезете во Гинисовата книга, тоа го оправдувам но ако намерите се други, мислам дека во прашање е здравјето на оние кои повеќе пати го спомнуваат името на господинот Црвенковски.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Реплика има господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас навистина немав намера повеќе да реплицирам, меѓутоа почитуваниот колега Чифлиганец употреби еден збор кој мислам дека е недоличен и недостоен за ова Собрание да се употребува на тој начин како што беше употребен.

Јас сум еден од тие што неколку пати го спомнав името на претседателот на СДСМ, лидерот на најголемата опозициона партија, но се чувствувам потполно здрав и ментално и физички, така да незнам од каде на господинот Чифлиганец такви теории некои од колегите пратеници да ги мери дали се здрави кога го спомнуваат претседателот на најголемиот опозиционен блок, на СДСМ. Мислам дека таквата дискусија и таквата расправа воопшто не води до смирување на страстите, туку

напротив се зголемува и таквиот начин на водење на расправа не води никаде во ова Собрание, а и понатаму во политичкиот живот носи консеквенции кои се несогледливи за РМ. Затоа уште еднаш ги молам сите колеги пратеници, пред нешто да кажат добро да промислат за тежината на искажанито збор од било кое место да доаѓа во ова Собрание.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Спанаков.

Дали некој друг бара збор?

Реплика има господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Пред се не мислев да ја негирам институцијата пратеник во Собранието на РМ, но самиот факт кога некое име и презиме го сонуваш, а најмалку или најмногу кога го споменуваш пред говорницата нешто зборува. Колку работи што јас сум ги осетил на своја кожа, за личниот и севкупниот интегритет, моите пријатели, другари, роднини и граѓани, не ме толку оптеретуваат да ги презентирам пред говорницата. Затоа на мојот колега претходен пратеник, со целиот респект, немав намера да ги девалвирам, туку имав намера ние да се ослободиме од поединци, а секако и од лидери, туку да ги застапуваме интересите на граѓаните на РМ. Затоа не се впуштав во дискусија да зборувам за она што се случило во мојата општина, туку напротив сакам да се издвои временски простор да расправаме за егзистенционалните економски прашања на граѓаните на РМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМРИ ПОПОВСКИ:**

Ќе ми дозволите накратко само да се вклучам во оваа повеќе - неделна расправа во врска со настаните и случувањата што ги имавме на локалните избори 2000. Ќе бидам краток, ќе дозволите како и на кој начин јас ги видов овие локални избори и што мислам дека е битно, како пратеници во Собранието на РМ, во овој момент да направиме. Едноставно ќе поднесам некои аргументи кои сметам дека се важни, зошто и на кој начин овие информации поднесени од пратеничката група на ПДП, информацијата за локалните избори од Пратеничката група на СДСМ, исто така и информацијата за загрозеноста на пратениците ВМРО - ВМРО, би требало да бидат поддржани, а особено заклучоците кои исто така се понудени од страна на поголемиот број на пратенички групи застапени во ова Собрание.

Првиот аргумент што мислам дека е многу значаен и за кој верувам дека ќе најдеме една општа согласност кај сите пратеници во Собранието на РМ, а особено се надевам дека тоа би било добро да наиде на една целосна поддршка кај пратениците од парламентарното мнозинство, да бидат поддржани овие заклучоци, бидејќи тоа е единствениот начин како ние како пратеници во ова Собрание можеме да го сочуваме и да го спасиме образот на претставници на граѓаните на РМ во овој состав на Собранието. Имено, доколку ја пропуштиме шансата во врска со сите овие, јас би ги нарекол грозоморни случувања и настани што ги имавме за време на овие локални избори во изминатиот месец, мислам дека пропуштаме една значајна шанса да испратиме јасни сигнали дека не само спрема внатре во РМ, спрема сите граѓани на РМ и спрема политичките субјекти, туку уште поважно спрема меѓународниот фактор, пред меѓународната јавност дека сепак има едно институционално тело, или еден институционален орган во РМ, за разлика од извршната власт, па до некаде би рекол и судската власт,која што има храброст да смогне сили и да ги осуди или правилно политички да ги квалификува изборите, односно она што тие го проследија или што беше пропратна појава на овие локални избори. Со други зборови станува јасно дека ние мораме да го дигнеме гласот против ова зло, или промоцијата на насилство на голема врата што ни се случи на овие локални избори.

Впрочем, зарем не станува јасно дека ова што се случуваше на локалните избори веќе на некој начин е напишано, регистрирано и во сите извештаи како на овие специјализирани организации и институции кои ги следат изборите, било да се тоа локални или парламентарни, да не спомнувам на ОБСЕ за кој на широко зборуваше мојата колешка Шеќеринска, туку зарем не можете да ја сфатите или разберете оваа крајно сериозно политичка порака која пред некој ден можеше да се прочита искажана од устата на господинот амбасадор на САД во РМ господинот Мајк Ајник дека локалните избори во Република Македонија се разочарувачки. Зарем може потешка шлаканица на демократијата да добие оваа држава особено владеачките партии, кои што владеат моментално во врска со организирање на едни фер и демократски избори. Дотолку повеќе

станува јасно и не треба многу да се чудиме или да откриваме зошто во последно време односно во последен момент беа откажани така да кажам завршните преговори на РМ за стабилизирање и асоцирање со Европската унија. Зарем уште една потврда не беше на некој начин дадена од ставот на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка околу одложување на потпишување на аранжманите со овие две значајни економски, финансиски институции. Ја мислам дека ако и овој пат не смогнеме сили и не се издигнеме и не го осудиме сето она што се случуваше на изборите, а особено ако не успееме да ги детектираме или да ги идентификуваме вистинските носители и извршители на тоа насилство, терор и демонстрација на огромна моќ на државните органи во врска во спроведувањето на изборни дејствија, ние тогаш верувајте дека едноставно си ги затвараме портите пред Европската унија и во наредниот период ќе не очекуваат тешки, тешки преговори да докажеме дека РМ сепак има сили и дека е зрела за да воспостави една демократска инфраструктура на функционирање на институциите, а особено во однесувањето на политичките субјекти. Мислам дека ако нема сили, или нема храброст во рамките на државните органи на извршната власт како најодговорна во организирањето на овие локални избори, тогаш мислам дека Собранието на РМ во лицето на сите нас како пратеници треба да го дигне гласот и да остане еден така да кажам, едно зрнце на надежта, каде што сепак опстојува на овие простори една институција која што може објективно, правило да ги детектира и да ги каже со вистинското име и креаторите и носителите на ова што ни се случуваше за време на локалните избори.

Тоа е еден аргумент зошто сметам дека доколку се изнегираа информациите без разлика на тоа што се укажуваше и ја може некаде да се согласам може да има некаде голема доза на одредени субјективности во изнесувањето на она што се се случуваше, меѓутоа, земете ја самата информација на надлежното министерство на МВР кое што на 14 или кусур страни фактички дала една хронологија на случувања, кои што се надвор од законските дејанија и ги потврдува фактички големиот број на нерегуларности кои што се случувале за време на овие локални избори. Тоа е се присутно што е присутно и во самите информации, меѓутоа, веројатно не успеале се да регистрираат како надлежни државни органи или вршеле некоја селекција. Меѓутоа, самиот факт на појавување на една ваква информација фактички ја потврдува оправданоста на барањата што опозиционите партии го поставија за расправа на ова Собрание.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Според тоа, мислам дека би направиле огромна грешка, тој апел го упатувам на парламентарното мнозинство, доколку фактички се изнегира и оваа информација што тврди факти каде што зборува дека постоеле сепак голем на неправилности за време на локалните избори во разни изборни единици, односно во општините.

Вториот аргумент кој што мислам дека заслужува внимание и кои беше на некој начин анализиран, од страна на други мои колеги, тоа е начинот, односно начинот на кој одделни институции на егзекутивата, а тоа значи на извршната власт, па јас би рекол и на дел од судските институции беа вклучени, инволвирани директно во спроведувањето и организирањето на локалните избори. Поточно да кажам, тоа беше типичен пример како тие државни органи не би требало, или не би смеело да се појавуваат или да помирисаат во спроведувањето на изборните дејствија во едно општество, во една држава. Мислам дека во тој дел, како најдобар доказ зошто тоа било направено е самиот факт, ако направите една анализа, а тоа мислам дека е многу лесно и со голо око се гледа, зошто владеачките партии, особено двоецот ВМРО - ДПМНЕ и ПДПА се откажаа од организирање на вистинска изборна кампања. Имено, вие не можевте за овие 20-тина дена додека траеа овие локални избори да видите нормални партиски собири, на трибини, на јавни собири, на средби со граѓани, каде што нормални партиски активисти, луѓе и колеги наши пратеници активно би учествувале во објаснување на предноста на политиката на овие две политички партии кои што ја спроведуваат од 1998 година, односно да се даде еден нормален очет за ова две годишно владеење пред граѓаните на Република Македонија. Што тие направиле во изминатите две години? Тоа едноставно го немаше за време пред изборите или за време помеѓу првиот и вториот круг на локалните избори, од страна на владеачките партии. Се поставува прашањето, зошто е тоа така. Еден единствен заклучок што може да се изведе е од однапред смислената стратегија како да се настапува на овие

локални избори од страна на овие две владеачки партии. Тоа значи дека место да одат партиски активисти, кои треба да ја објаснуваат или да ја приближуваат така да кажам, условно, од позитивните резултати на владеењето на овие владеачки партии во последните две години, ние имавме една стратегија на активно вклучување на припадници на министерствата. Особено тука морам да го подвлечам, необјаснивото присуство на Министерството за внатрешни работи и негова инволвираност во спроведувањето на изборните дејствија, на Министерството за правда, на Обвинителството, на Казнено - поправните домови и некои други институции да не зборувам за учеството на јавните претпријатија, да не зборувам за учеството на началничките структури во подрачните единици. Според тоа, вие на овие избори можевте да видите директори, началници, високи полициски функционери, но не можевте да видите нормални партиски активисти на овие две владеачки партии. Тоа зборува дека во самиот корен е искривоколчена, изместена уставната законска позиција на овие органи на државата, на дел на судската власт, дел од Обвинителството, т.е. да тие бидат фактички главните носители, спроведувачи на партиската политика, или политиката на партиските креатори или лидери во едни локални избори. Значи, од почеток е изместена таа позиција и нормално ништо друго не можеше да се очекува, туку она се што се случуваше за време на овие локални избори. Тоа значи, кога вие во едни изборни дејствија активно и во голем волумен ќе вклучите државни органи кои што се пар - акселанс репресивни, каде што имаат своја репресивна димензија, тогаш немојте да очекувате дека таму ќе биде се во ред со регуларности и демократичноста на тие избори. Фактички, најдобар доказ беше за тоа дека ние три недели расправаме за нешто што се случувало, а не за нешто што не се случувало. Мислам дека тука сме мислам сите единствени дека тоа се избори од кои треба да се извлече една голема поука и како пратеници, меѓутоа и како еден јасен сигнал на граѓаните да тие едноставно се охрабрат да нема една појава, која мене ме загрижува, особено во пресрет на нови парламентарни или друг тип на избори кои во Македонија би се спроведувале.

Според тоа, мислам дека општеството е директна стратегија, договорена. Главните креатори на она што ни се случуваше во организација на овие државни или парадржавни органи, лежи во Владата на Република Македонија, во двоецот Љубчо Георгиевски - Џафери, дека главни извршители, би рекол сега, тие се креатори. Главни извршители на тие наредби се во Министерството за правда господинот Џевдет Насуфи и господинот Трајко Вељаноски, дека во делот на некоректното однесување на судски органи, претставени во лицата на изборни комисии, дека тука главна одговорност сносат и во делот на Обвинителството господинот Ставре Џиков и господинот Томислав Стојановски, за жал, наш колега, но, со огромно влијание особено во серијалот, или во циркусот наречен Државна изборна комисија, која што можеби е една од најголемите срамови кои и се случиле на Република Македонија.

Според тоа, да не зборувам за Министерството за внатрешни работи каде што главна одговорност и спроведувачи на таа политика се министерот за внатрешни работи и директорот на ДБК, каде што сите се чудат и крстат што е функцијата или како е можно еден директор, една таква дирекција, да биде директно инволвиран и вклучен во изборните дејствија. Тоа е долга, да не може човек да наброи листа на посетени населени места кои што оваа личност ги има посетено за време од овие две-три недели додека се случуваа или се остваруваа локалните избори.

Меѓутоа, јас би сакал моите колеги и на крајот со тоа ќе завршам, да ги потсетам, или доколку не успеале да ги прочитаат, дека ние, особено од парламентарното мнозинство на колегите, треба да сфатат на кое дереџе ќе се најдат, или ние сите заедно доколку се направи едно ригидно одбивање на предложените заклучоци или не прифаќање на овие информации.

Имено, имав впечаток дека ние тука изигруваме некоја еден вид судница или се натпреваруваме во тоа како и на кој начин да направиме една вистинска оценка на она што ни се случуваше и да дојдеме до заеднички заклучок дека тоа треба да се осуди, особено да не зборувам за настаните или случувањата кои што ги има моите колеги од партијата ВМРО. Фактички, стануваме заробеници, а главниот виновник, а тоа е Владата на Република Македонија, три-четири недели нема ниту еден претставник тука во

салата. Значи, можете ли да претпоставите дека тие си седат во своите, така да кажам, блиндирани кабинети, даваат наредби на ова парламентарно мнозинство што да прифати, што да не прифати. Јас тука апелирам на колегите дека треба да се надминеме себеси и да ја погледаме вистината во очи. Затоа, сметам дека треба внимателно да се прочитаат, во вашето партиско гласило, ставовите на еден ваш аналитичар, ваш колега од врвот на вашата партија, што тој зборува за три битни работи кои што ние овие три недели на некој начин ги расправавме тука во Собранието. Тоа е за трансферот на пратениците од ВМРО - ДПМНЕ во ВМРО - ВМРО, какви поуки владеачката партија треба да извлече од тоа што јас го поздравувам ако тој така мисли и ако успее да се наметне меѓу врвното раководство на таа партија, да создаде една нова клима за нормален трансфер на пратеници од политичката партија во друга политичка партија, доколку тие оценат дека политичката партија ги напуштила базичните принципи или програмски определби на нејзиното делување.

Втората работа околу изборната кампања и карактерот на изборната кампања. Таму на некој начин има една критичка нота во врска со кампањата на СДСМ, меѓутоа исто така многу јасно кажува дека ВМРО - ДПМНЕ не успеа да ја згасне таа кампања, него долеа на некој начин масло на тој огин, што всушност се реализира во вториот круг на спроведувањето на локалните избори. Неколку други ставови кој што од страна на тој господин се присутни во вашето партиско гласило и мислам дека, ако тоа малку обрнете внимание и со респект се прочита, ќе се види таму што се зборува, јас се надевам дека ќе се најде сили и меѓу вас да ставиме на еден вистински начин како што му доликува на ова Собрание, крај на оваа расправа во Собранието во врска со локалните избори, односно дека тие треба едноставно, предложените заклучоци треба да бидат прифатени од ваша страна. Доколку тоа не го направите, вие станувате директни соучесници на ригидниот или таканаречениот анти демократски погром што и се заканува на Република Македонија во наредниот период. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Поповски Љубомир.

Има збор пратеникот Стојановски Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господин потпретседателе.

Почитуван господин потпретседателе на Собранието, дами и господа пратеници, од учеството на оваа расправа по овој дневен ред, јас немав намера да дискутирам. Со оглед на тоа дека беа кажани толку работи и пред да почне расправата во Собранието на Република Македонија, преку електронските медиуми, преку нашето учество во изборите, видено на лице место, регистрирано, евидентирани резултати, евидентирани неправилности, евидентирани насилства, учество на државната власт во целокупните тие настани, учеството на други групи, пара групи итн. Резултатите горе - доле од прилика, во 90% се познати, веќе спласна интересот за локалните избори, оценките од меѓународните институции дадени.

Јас ве молам господин потпретседателе да обезбедите атмосфера за разговор.

Но, притисокот на јавноста и понатаму трае во врска со сите оние случувања што се десија во врска со изборите, локалните 2000 година веројатно под импресијата на се она што се уште има мирис на се она што се случуваше, или 1999 година за претседателските избори. Оттаму и многу лични јавувања, инсистирања дека треба да се каже некој збор и пресудното влијание дека би бил професионален на некој начин, бидејќи професионално ја обавуваме функцијата во ова Собранието, злочин да не се проговори за оваа тема. Со оглед на тоа дека најголем број од луѓето кои со поладни глави ја оценуваат таа ситуација, прогнозите нивни се дека доколку не се прекине и не се санираат последиците од овие настани, дека состојбите во Република Македонија ќе ескалираат во несакани правци и ќе настанат многу потешки последици во идниот период, не за власта, не за партиите, туку воопшто за државата и за граѓаните. Нужно е можеби по пет пати, по 10, по 20 пати,

по 100 пати да се укаже на таа проблематика.

Јас имам уште една причина што вака интимна и лична ме тераше да се јавам. Тоа е проблемот, мојата работа е јавна скоро 10 години во оваа иста сала. Моите залагања како пратеник во ова Собрание во врска со се она што се случуваше минатите 10 години се општопознати, всушност и се нотирани во стенограмите на Собранието на Република Македонија и тие постојат веројатно како документ. Незнам колку таа архивска граѓа ќе служи и не би било лошо, со обзир на мојата лична одлука дека ова ќе ми биде последен мандат во Собранието на Република Македонија да остане нотирано и моето мислење во врска со ова прашање, како едно од преломните прашања за Република Македонија кои се случува во нејзиниот етапен развој, понатамошниот развој на демократијата и оформување и јакнење на државните институции.

Морате да признаете сите овде што има пократок или подолг стаж во работата, дека да се биде јавна личност, особено во Парламентот на Република Македонија, да се биде пратеник, е навистина прилично тешко за човек и треба човекот да биде посебно и психофизички припремен да ги регулира своите односи и однесувања како во Парламентот тука, на седниците, така и во истапувањата со јавноста, така и во приватното однесување. Нашите однесувања се на секојдневна проценка кај граѓаните, а во зависност од нивните политички опции или други психофизички состојби во кои се наоѓаат и социјални состојби во кои се наоѓаат граѓаните, гледаат дежурни виновници на нас во Парламентот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам почитувани пратеници да го пратиме пратеникот кој говори. Можеби вас не ве интересира, но јас морам да го пратам, но оваа галама што се случува, јас не можам да го пратам. Ќе ве замолам уште еднаш да бидеме пострпливи, немаме повеќе, уште еден пратеник, можеби реплика, па да завршиме со расправата по оваа точка. Повелете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Сакам да кажам дека таа позиција на пратеник која е многу тешка во врска со вршењето на своите овластувања што ги има како јавна личност и треба да внимава, да ги моделира своите однесувања како во јавниот, така и во приватниот живот. Тоа произлегува и од одговорноста на функцијата што се врши, а произлегува и од вкупните состојби во РМ, затоа што граѓаните за најразличен број од своите секојдневни проблеми што ги имаат од економска, социјална и друга природа најчесто погледите, или за последен момент ги свртуваат во работата во овој Парламент и често излегуваат разочарани со она што го стекнуваат како впечаток и не само како впечаток, туку и со состојбите со кои се среќаваат секојдневно во реалниот живот, за себе, за членовите на своите семејства, за секојдневните проблеми што ги тиштат од најразличен вид. Од таму и сериозноста на овие настани што се случија со изборите во врска со изјавувањето на слободната волја на граѓаните се еден од клучните моменти, граѓаните барем сакаат да биде почитувана нивната волја во врска со искажување на тоа на кого ќе му ја дадат својата доверба на политичките субјекти кои излегуваат на политичката сцена и според тоа да ја моделираат власта согласно својата волја определена низ механизмот на гласањето и со пуштањето на гласачките ливчиња во гласачките кутии. Ако на граѓаните им се прекрати, им се ускрати, им се одземе, или на друг начин се моделира нивната волја да можат да влијаат на квалитетот на животот и на решавање на проблемите со кои секојдневно се среќаваат во секојдневниот живот, нормално дека надежта кај тие граѓани дефинитивно ќе биде изгубена, дека можат нешто да постигнат во своето политичко делуваше како субјекти и покрај загарантираните права со Устав, со Закон итн. И од еден краток период на резигнација и малодушност својата енергија во очајот и својот очај ќе го претворат во неконтролирано вон институционално дејствување кое може да доведе до несакани последици во РМ всушност да се поништат досегашните чекори кои се постигнати во Републиката и со одредени последици евентуално да се пружи можност да се почне наново од некоја пресечена нула. Јас верувам дека во овој Парламент никој тоа не го посакува од овие 120 пратеници, присутни и што не се присутни. Верувам дека тоа не го посакуваат ниту политичките субјекти кои учествуваа на изборите. Верувам дека тоа не го посакуваат ни граѓаните. Но, при таквата ситуација за да не се дојде до такви можни разврски и решенија треба да постои висока одговорност на носителите на власта, пред се на актуелната во РМ. Високо чувство за

одговорноста и вистинска претстава за она што се случува на теренот кај граѓаните и мислењето на граѓаните. Често знае јавното мислење да се моделира и на вештачки начин со познати свое врсни методи. Историјата познава примената на овој транзициски период во моделирањето на јавното мислење има и такви знаци, но не треба да се заборави дека Македонија е мала земја, Македонија е земја на која на граѓаните и се пристапни сите информации. Верувајте нема скриена информација за тоа што се случува во власта, што се случува со власта без разлика на тоа дали го обележал тоа некој електронски медиум, или отпечатените медиуми или не го одбележал. Се пренесуваат побрзо тие сознанија одколку што можат и самите носители и одговорни носители на власта тоа да го почувствуваат. Јас г-дине потпретседателе ќе излезам на говорница со оглед на тоа што гледам дека тешко комуницирам прво со вас, а воопшто не комуницирам со колегите пратеници.

Од тие причини што ги набројав наместо да се бараат оправдувања за вкупните состојби во РМ во тоа дека медиумите во РМ се анти владино расположени, дека постојат надворешни институционализирани заговори за рушење на оваа власт, дека постои завист на бившата власт и нестрпливиот кај неа што побрзо да се врати во позиција на повторен носител на власт, наместо храбро да се погледне во ситуацијата што навистина се случува во РМ барем после на некој начин смирувањето на Косовската криза, затоа што до тогаш тешко можеа да се рециклираат модалитетите на задоволството кај граѓаните и да се рециклираат и регистрираат реагирањата на граѓаните во врска со решенијата на актуелната власт во РМ. Деновиве имавме можност еден од коалиционите партнери јавно да признае на своите институционални органи согласно статутот што го има и каже: го изедначи своето мислење за вкупните состојби во РМ на начин на кој го кажа тоа. Рече дека во Македонија запрени се процесите на демократизација, дека нема економски развој, дека запрени се процесите на реформите, постои целокупна партизација на целата држава во РМ и ред други негативности кои не беа објавени, кои сегментарно ги слушнавме во групното соопштение што беше издадено од седницата на нивниот највисок орган, а и сегментарно што ги забележавме во некои медиуми што беа пренесени во РМ. И покрај тоа значи верувајте кога влеговме во овој Парламент, и кога прв пат се конституираше новата власт во РМ е касната есен 1998 година овде, се сеќавате дека опозициски на едната страна бевме сосема сами ние од СДСМ. За многу краток период се случија прегрупирања во тој однос опозиција - позиција, да денеска кога расправаме по оваа тема за не цели две години ние сме далеку побројни како политички субјекти зборувам, а по резултатите на изборите претседателски 1999 година, и по резултатите на граѓаните кои дадоа на овие локални избори за коалицијата за Македонија, веќе зборува дека расположениeто во огромен дел е свртено и кај граѓаните. Во најново време го имаме и ова расположение што еден од вашите коалициони партнери го кажува сосема гласно и јасно и целосно се идентификува со она што ние подолго време го зборуваме. Јас не верувам дека и кај нив тоа се случува од некои нивни политички потреби, туку чувствувам дека кај луѓето кои доминираат кај нив во креирање на стратегиската политика и за правците за понатамошното чекорење на РМ преовладува чувството за реалност. Ако се такви состојбите, ако е таква политичката реалност во РМ, јас верувам дека и кај вас, кај другите носители кои сте на власт сега и кои упорно со мака се обидувате овие 12-тина дена да изнајдете некоја аргументација, или квази аргументација за се она што се случуваше во РМ, правевте такви мачни напори што навистина мислам дека не даваат продуктивно решение во јавноста, не се покрива толку голема површина со обичен чаршав. Знаете, остануваат надвор екстремитети, можете да покриете дел од телото, ќе ве препознаат по чевлите, ќе ве препознаат по рацете, ќе ве препознаат по главата, надвор ви виси на ветер. Од таму преиспитајте се, не со нашите ставови, не со нашата аргументација, преиспитајте се со реалната состојба во РМ.

Мислам дека прашањето на понатамошната судбина во РМ е сепак во вашите раце, не е кај нас. Демократската разврска на состојбите, на кризните состојби во РМ ќе зависи од вас и таа одговорност е многу поголема што ви тежи на вас, јас го разбирам, но сте се нафатиле за таа работа да ја работите овие четири години и ќе мора на некој начин да издржите успешно. Јас ви посакувам успех во тој терет што го носите да го направите на демократски начин. Затоа што вашиот успех доколку тоа го направите ќе биде успех и за нас ќе биде успех лично и за мене и за моите блиски и за иднината итн.

Доколку тоа не го направите и се добие поинаква разврска, несакана разврска за РМ, не сметајте дека некој од спротивнава страна, вклучително и мене ќе профитираме од таа состојба. Верувајте нема да профитираме, а ниту вие ќе профитирате, ниту политички, ниту економски. И мислам дека ќе нема субјект кој се определил искрено да ја гради демократијата, пазарното стопанство, интеграциите во европските институции и да ја гради иднината на РМ, нема таков кој ќе профитира од една таква разврска. А што се однесува до политичкиот профит, мислам дека ако тоа успешно го направите, дека ќе остварите и огромен политички профит. Само јас искрено да ви кажам сега засега не гледам шанси тоа дека ќе се случи. Напротив од ден на ден се влечат некои неразбирливи потези клучни кои подлабоко ја внесуваат Републиката во конфузија и граѓаните се поставуваат норми временски, до тој месец, до таа дата за некои задачи, до таа година итн., се пречекоруваат тие норми упорно, паѓаат тие пречки и понатаму остануваат зад нас, времето си врви, животот е се потежок, на два дена ќе чуете се покачила цена на ова, на два дена ќе чуете се покачила за уште толку, се покачила цената на струјата, се покачила цената на бензинот, се покачила цената на основните други продукти што влегуваат во потрошувачката кошница за граѓаните што секојдневно не можат да издржат. А од друга страна се пројавува борба за остварените 200 милиони марки во Буџетот на РМ. На кој начин во џебот што им е брцнато на граѓаните и направено е едно купче на страна, сега кој тоа да го распредели побрзо и тоа најчесто врз политички критериуми. Граѓаните тоа го гледаат и не само што го гледаат, туку го чувствуваат длабоко, секојдневно. И верувајте ако сега направиме анкета за популарноста на овој Парламент ќе стоиме на најдолното и за довербата на нас пратениците и на составот вкупно на Парламентот, не велам на политичките субјекти, ќе дојдеме на долната граница. Дури имавте и официјална изјава на владиниот потпарол дека ние овде се занимаваме со будалштини, вели, ние ќе си го тераме возот, а тие нека се расправаат и понатаму со будалести работи.

Сега за насилието и за моделирањето. На оваа тема претходно што зборував за паметните мислам дека е доволно. Сакам да кажам за конкретната тема. Конкретната тема што ја имаме со информациите што се на дневен ред, ќе бидам краток, нема да одам во детаљи, нема да одам со провокации, ќе кажам како јас ја гледам од аспект на тоа како чувствувам после долгогодишното искуство со изборите во РМ што сум поминал еве 10-тина избори што претседателски, што парламентарни, што први, втори и локални избори итн.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Видете, господо, не може да се избегне од констатацијата што е прва и основна дека овие озбори 2000 година се нај недемократски и нај нечесни избори што се случија во Република Македонија од 1990 година наваму.

Од таа фирма ние не можеме да избегаме. Е, сега, ако правиме една кратка анализа за изборите од 1990 година, вие знаете дека изборите во 1990 година ги организираше старата еднопартиска власт во Република Македонија. Ги организираше партијата која беше на власт, со пројавените тенденции на првите протести на демократизација во рамките на тоа што можеше да се случува како демократизација во тој период. Незнам кој се сеќава на тие години, партијата која беше на власт, замислете, тогаш ги изгуби изборите. А, сите инструменти на таа еднопартиска држава беа во неа. Од полиција, од војска, дури и постоеше една поголема сила, Сојузната држава, која беше заинтересирана, поради доминацијата на некои етно фактори во тие институции, да не се случат демократски избори во републиките, поготово за Република Македонија, а се сеќавам дека беа закажани едни други избори, пролетта, април 1994 година и веќе тогашниот Социјалистички сојуз почна со некои активности. Одредени демократски снаги во републиката кои можеа, го анулираа тој процес и закажаа избори за есента врз основа на нова норматива, која се донесе од тогашниот стар состав на тоа Собрание. Оттогаш овде има и живи сведоци. Еве, госпоѓата Ѓулистана, мислам дека беше два мандати во тој еднопартиски систем и учествуваше во донесувањето на тие проекти. И, се случија избори, такви какви што се случија и се конституира првиот парламентарен состав на Собранието, замислете, од 120 пратеници, партијата на власт тогаш доби 29 пратеници во Собранието на Република Македонија. Јас се сеќавам, бидејќи бев учесник со добар дел и од овој состав што е овде, ги има од сите партии, нашата парламентарна група со приклучување на еден политички субјект броеше 31 член.

Откога се конституира Парламентот, на начин како што се конституира, ни еден политички субјект што влезе во Собранието тогашно и кој и ден денес се преживеани како политички субјекти во РМ и ВМРО - ДПМНЕ и СДСМ и ЛДП и ПДП, па после со новиот субјект кој меѓу нив настана итн., скоро 80% од тој политички субјективизам што се пројави во РМ, е присутен и денес во Парламентот на РМ. Нормално, во тој 10-годишен развој со своја партиска трансформација итн. итн. Ниеден од политичките субјекти немаше забелешка на процесот на спроведување на изборите, на гласањето итн., дури и при немање на минимум на традиција за повеќепартиски Парламент, за повеќе партиски систем итн. Беа изненадени граѓаните, со тоа што ги чуваше на седниците, затоа што прв пат се пренесуваа во јавноста, имаше слобода во говорењето и во изнесувањето на ставовите, но тоа е друга тема, на која јавноста навикна понатаму како што навикна. Не беше целта тоа, целта ми беше што сакам да споредам што се случи пред 10 години во 1990 година есента и што се случи 2000 година точно после една деценија, есента 2000 година. Се случија избори и за локалната власт во ист период и воопшто немаше никакви реагирања и по тоа прашање, иако голем број на субјекти си освоија, на пример Скопје како главен град на Републиката тогаш го освои ново формираната ВМРО - ДПМНЕ, потоа го освои Битола, Прилеп го освои, колку што се сеќавам сега на случувањата што беа, на резултатите од првите локални избори, ми се чини Кичево го освои и други кои сега не се битни, а сакам да кажам. Сакам да кажам во споредба на она што сега истата партија ВМРО - ДПМНЕ кога се најде во позиција да организира такви избори, го зеде камшикот в раце и почна да ја моделира волјата на граѓаните во Република Македонија со тој камшик. Нормално...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пуштете го господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се случија изборите во 1994 година. Постојат различни мислења по тие избори на начинот на кој беа изведени. Едното мислење е општо познато, денешната власт, тогашната опозиција сметаше и смета и ден денес дека тие избори беа фалсификувани. Додека, ние заедно со другите субјекти кои бевме тогаш под Сојузот за Македонија и сметавме дека изборите се во ред и така го поминавме тој мандат од четири години до 1998 година, со тоа што жалосно, денешната актуелна власт, со исклучок на пратениците од ПДПА и Народната демократска партија, кои учествуваа и во тој состав, мислам главниот носител на денешнава власт ВМРО - ДПМНЕ апстинираше во вториот круг и на тој начин не учествуваше во парламентарната работа на Република Македонија, како една од најсилните партии, како политички субјект во Република Македонија.

Кои се последиците од тоа? По мене, последиците се фифти-фифти. Прво, ни нанесоа огромна штета нам, ние кои бевме на власт од 1994 до 1998 година од причини што мислам дека, доколку ВМРО - ДПМНЕ ќе беше присутна во парламентарните клупи во тој период, власта во практицирањето на власта во тој период ќе имаше соодветен колектив сериозен и немаше да направи такви грешки кои ќе мораше да се испоставaт сметките во 1998 година. Но, тоа не е најлошата последица.

Мислам дека и проектите кои се носеа во реформа на политичкиот, економскиот и севкупниот живот во Република Македонија, ќе беа многу поквалитетни, ако имате дежурен, не да речам критичар, туку алтернативец, кој ќе ви укажува на подобри, поквалитетни решенија, па ќе можеш да ги вградуваш во тие проекти, во колку си демократски и често расположен, таа работа што ја работиш, да ја работиш во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Оттаму, отсуството на ВМРО - ДПМНЕ во 1994 и 1998 година беше огромен хендикеп и за тогашната власт. Но, мислам дека и ВМРО - ДПМНЕ како политички субјект, тоа е мое мислење, изгуби многу повеќе. Во политичкото профилирање и сопственото искуствено растење на политичката сцена во Република Македонија, како посериозен политички субјект, а тоа го покажува највидливо во сегашниов период кога е носител на власта, еден од клучните носители на власта.

Јас не верувам дека многу потези што актуелната власт денес како главен носител што го има ВМРО - ДПМНЕ во своите редови, по тезите кои се на страшна критика што ги влече секојдневно и кои се критикуваат, се најчесто со

намерата, со предумисла, најчесто се од неорганизираност, не снаоѓање или често слушаме, многу субјекти викаат дека на оваа власт нема капацитет да се справува со одредени клучни проблеми во Републиката.

И, верувајте, таа дијагноза се повеќе секојдневно ја утврдуваат се поголем број на специјалисти по тие болести политички и ќе треба да се бара некое адекватно решение затоа што таа гангрена веќе ја зафаќа цела држава и ја влече надолу. Или народот вели, да ремизирам, или ум, или на Свети Наум. А, имате време и имате можности, имате и солидна опозиција, не сметајте ја непријателски расположена, само имајте слух за тоа што го кажува. Не многу често, туку за оние клучните работи. И, пред да си легнете, размислете. Во спротивно, доколку тоа не го практикувате, еден ден изгледа ќе легнеме и нема заеднички да се разбудиме повеќе. Недај боже, господине Ставре, мислам во политичка смисла.

Битно е за 1994 година да се каже дека и меѓународните фактори, кои ги набљудуваа изборите рекоа дека се фер, на границата на фер и коректност. Но, тврдам дека од 1994 до 1998 година настанаа огромни штети со тој политички потег на откажување на вториот круг на изборите да не учествува тогашната опозиција. Во 1998 година, не е многу далеку, пред тоа беше 1996 година, се случија локалните избори, не слушнавме никаква забелешка. Некаде каде што имавте вие власт, ја изгубивте на локалните избори. Некаде каде што имавме ние ја изгубивме, ја добивте вие, некаде каде што имавте вие, ја добивме ние или ја добија трети субјекти и локалната власт прв пат профилира со новите закони за локална самоуправа и новата територијална поделба, што како проект се обидовме ние да го заживееме, да го имплементираме на теренот во Републиката со тие 124 нови локални единици, да успее понатаму да се надградува. За нејзиното функционирање од 1996 година до 2000 година се случија голем број согледувања во врска со функционирањето на локалната власт и се утврдија, по мене, сериозни недостатоци во огромен дел на функционирањето на локалната власт, пред се, за нејзините изборни овластувања, за решавање на проблемите во Република Македонија, за нејзиниот огромен број на раситненост на општини, недоволен капацитет, на општините, купен да ги решаваат секојдневните потреби на граѓаните итн. И, наместо да одиме во понатамошна надградба на тој проект наречен локална самоуправа и нормативно и фактички, ние практично го донесовме до апсурдна ситуација во 2000 година. Да не спомнувам во меѓувреме во 1998 година какви беа изборите, дека беа чекор напред и во однос на моделот. Прв пат се воведе и пропорционалниот модел во 30% од неговиот вкупен капацитет, некаде со 35 пратеници визави 85 избрани на мнозинската листа.

Во основа беа чесни со огромна набојна енергија дека покажаа луѓето дека сакаат да се случат порадикални промени во општеството и во државата, од дотогашното чувство што го имаат. Всушност, вашата Коалиција за промени, изборите не ги доби во 1998 година, ако сакаме реално да зборуваме на концептот на кој го понудивте, туку на концептот да се случат некакви промени, а промени во насока на нешто подобро, поквалитетно, за полесен живот на граѓаните, секако и по просперитетен живот на граѓаните.

Се случија тие работи што се случија екстерни што ги задеси и поранешната власт во форми на ембарга, на консолидирање на државата итн., сега се случи Косовската криза со вкупните последици што настанаа за Република Македонија, не по вина и по желба на Република Македонија, туку, ете, по што се најде на патот вкупните интереси, стратешки интереси на новото преуредување демократско на светот во близината, што ете сме имале таква среќа или несреќа, една невралгична точка на Балканот, која изби со сета жестина и со сите последици, тие кои настанаа. Тоа е една објективност. Нашиот придонес како опозиција во тие настани беше кажан, беше јавно верифициран од сите релевантни фактори, било тоа да се домашни, било тоа да се странски. Затоа што, и не можевме поинаку. Затоа што, тоа беше единствената опција да опстане Република Македонија. Но, таа работа помина, дури и со некои, по мене, позитивни отворени можности на Република Македонија и еве веќе една и пол година од поминување на тоа страшило во Република Македонија работите секојдневно се повеќе се комплицираат.

На крај, да ни дојдат капак овие локални избори со сето политичко

насилие што се случи и не само физичко насилие, знаете, насилието е апсолвирано низ историјата се изразува на најразлични форми.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Јас не сакам да зборувам за мојот пример. Овие конкретни, жестоки пластични, рељефно излезени примери за насилието и што ги гледавме и на слики, јас за овие десет години ги имам доживеано најмалку 20 пати и никогаш не сум кренал врева. Сум мислел дека тоа е, еве некој сегмент што е придружен сегмент на животот итн., но се случувале од случај до случај, без разлика дали сум бил во опозиција дали сум бил во власта. Мислев дека тоа оди во функција на тоа е некоја јавна личност и дека треба да помине низ такви премрежја. Но ова насилие што се случи во оваа 2000 година зборува за организирано насилие, пред се мене што ми е многу битно и што е очигледно, на државните институции во Република Македонија. Тоа е најопасната работа.

Да ви кажам, уште во 1991 година, во декември месец, сум осуден на смрт и таа смртна пресуда била објавена во една позната кафана во Битола и таму на ѕидот висеше една година. Имам ги тие луѓе кои ја пишувале и кои потоа признаа дека оделе таму и учествувале во тоа, како еден од организаторите за убиството на покојниот Мијалков, првиот министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија. Во кафаната е г-динот Илија Стојанов, тогашен еден од претседателите на МААК, таму во старата чаршија. Денес сите тие што тие таму го реализираа се членови во ВМРО - ДПМНЕ. Со тоа не сакам да фрлам хипотека на ВМРО-ДПМНЕ туку сакам да кажам во која констелација сме се наоѓале, како за пример, на она што беше зборувано.

Се формира државна комисија која го испитуваше тој случај итн. и се утврди дека од таа работа нема ништо и таа работа се влече некаде до 1994 година, затоа што првото прашање на јавната трибина која се одржуваше во врска со мојот настап тогаш како кандидат за вторите парламентарни избори, беше, од граѓаните нормално, присутни на јавната трибина - кој го уби г-динот Јордан Мијалков. Јас се извинувам што го спомнувам неговото име во оваа прилика, лесна нека му е земјата. Јас лично мислам дека тој г-дин, тоа е мое лично мислење, во тој временски период, 1991 година, додека ја вршеше функцијата за министер за внатрешни работи заврши солидна работа за Република Македонија. Еве сакам јавно тоа да го кажам, сега прв пат после 10 години, без разлика што бевме политички на спротивни страни.

После тоа бев обвинет, при разрешувањето на првата Влада овде на РМ, во која активно учество имаше и партијата на ВМРО - ДПМНЕ, од бившиот министер за одбрана г-динот Никола Кљусев, како тогашен премиер, од оваа говорница овде. И покрај работата на државната комисија што ја заврши тогаш, јас почнав интензивно да се интересирам за тие настани кои за мене беа далечни туѓи, од г-динот Ѓорѓи Наумов кој беше еден од најблиските негови пријатели, лично, во посебен прием што го барав кај него, ми беше пренесена целата ситуација околу смртта на тој господин, да и после тоа го верифицира тоа државната комисија за политички потреби, г-динот Никола Кљусев при разрешувањето, возбуден, незнам веројатно поради тоа што беше тоа прва вонредна промена на Владата итн., да бидам обвинет повторно околу смртта на г-динот Мијалков. Тоа г-динот Кљусев го направи по втор пат за изборите во 1998 година во една книга што ја издаде, незнам како се вика книгата. Јас тоа го сретнав во јавните медиуми и се интересирав кај издавачот кој е од мојот роден крај и кој искрено ми призна дека г-динот Кљусев инсистирал обавезно таа книга да излезе пред изборите, задолжително барем месец дена пред тоа, но вели, еве јас успеав тоа да го направам после изборите, за да не настанат политички штети, евентуално за него.

Г-динот Кљусев заврши како заврши со првата Влада. Сме биле различни опции и тогаш, иако ја крепевме ние таа Влада додека ја крепеа сите, стоевме зад неја, поготово и сега во новиот состав кога беше. Лично сметам дека во првиот период, тогаш во таа 1991 година, особено 1991 година заврши солидна работа. Сакам тоа исто така јавно да го кажам:Неговите човечки слабости и неговата определба да врши проекција на вина, да не може самокритички да ги согледа реалните состојби во врска со својата политичка профилација и иднина и просперитет, да ги проектираме други луѓе, тоа е негова човечка слабост. Покажа и со неговото министерување во оваа Влада на г-динот Љубчо Георгиевски.

За истата работа, господо, по трет пат бев обвинет, по трет пат бев обвинет од сегашниот г-дин Борис Трајковски, кој лажно се претставува за претседател на Република Македонија затоа што е легално избран, но е нелегитимен и диво вселен во

овие простории горе, но тоа е проблем на неговиот морал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г-дине Наќе, зборувајте за оние кои се присутни.

Да не го поставуваме и некој друг морал колку е голем сега.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, јас сум пратеник. Функцијата претседател на државата е во моја уставна надлежност за опсервација. Јас не зборувам за претседателот на ловното друштво на РМ, која не е моја уставна надлежност. Јас имам уставна надлежност, биран сум од народот да вршам контрола над сите јавно избрани функции од Собранието на РМ, извршната власт, третата, судската власт и деловите од извршната власт концентрирани и во функцијата на онаа личност што ја извршува функцијата на претседател на државата на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немаш таква надлежност да зборуваш. Терај.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Немам надлежност? Сега не би сакал да спорам тука, но ако ми велите немам надлежност, да терам понатаму, значи ми мислите лошо, да зацапам. Немојте да ме терате, ако мислите дека немам надлежност, а ми викате терај. Еве не терам. Ќе го почитувам вашето искуство само сакам да укажам на еден момент, бидејќи човекот кажа јавно.

Во јавното соочување со кандидатот, г-динот Тито Петковски, тој отиде чекор понатаму, кажа дека јас сум учествувал како пратеник, внимавајте, во првиот мандат, во 1992 година, со некоја група на луѓе кои биле судени во Битолскиот суд, за кој се водел процес, за организирање на рушење на актуелната власт избрана од мене, овде во овој Парламент и за која јас се крепев и нивните проекти. Јас до денес немам проговорено за тој проблем отворено, сметав дека г-динот ќе има доблест и со оглед на ингеренциите што ги има со Уставот и законите. И дури додаде дека има вина само не бевте гонети затоа што, со тоа што погреши рече бившиот пратеник, ама еве јас за среќа сум и актуелен па имам можност тоа да го кажам преку микрофоните. Рече дека не бевте гонети затоа што бевте пратеници, па не беше пријатно така, пред јавноста домашна и меѓународна.

Бидејќи ова дело не застарува, јас упатувам јавен апел до г-динот претседател на државата, до колку, бидејќи му се достапни тие докази нему, а мене не ми биле достапни, а можеле да ми бидат за овој десет годишен период затоа што сум бил во таква позиција, сум бил во партијата на власт и парламентарец во партија која била шест години на власт, никогаш не сум се заинтересирал за такви шпекулации, јасни ми се причините. Јавно го повикувам да ги обелодени тие документи и да ги достави до заменикот јавен обвинител, овде што седи, таа работа да се процесуира еднаш, а јас сега јавно од говорницата, по однос на тој предмет се откажувам од мојот пратенички имунитет. Во спротивно додека не го направи тоа, јас чекав една година, ќе го направам јас тоа да го заштитам мојот дигнитет, преку судовите во Република Македонија.

Но, има една целосна врска помеѓу сиве овие изнесувања. Секогаш се случувале при избори, или при клучни настани во Парламентот, најчесто од луѓе кои имале путер, така да кажам на главата и кога ќе прижешти сонцето одозгора, ќе прижешти политичката атмосфера, путерот ќе им се лизне по лицето, па го свртуваат вниманието на друга страна. На таков начин постапува денес и Билтенот на Владата на РМ, наречен "Нова Македонија", во денешниот број. Го прочитав насловот, текстот не го прочитав, го поврзува и со некој вчерашен текст што морам да го видам, да го анализирам итн., дека јас сум штител незнам како, некој шверцер на нафта и сум станал нафташ, во некое време на Таки Фити, а Таки Фити беше 1977-1978 итн., што ако слушнат моите пријатели, ќе навалат по пари и тешко мене ќе биде. Значи треба да видам што е таа работа. А тоа на "Нова Македонија" не и е првпат. Јас со "Нова Македонија" и кога бевме на власт издржав серија удари од две години. Дури новинарите што пишуваа за тие фамозни станови тогаш, две години во серија се занимаваа медиумите, но другите новинари не добија награда од медиумите, но новинарите од "Нова Македонија" добија годишна награда за тие пишувања.

Оваа гарнитура сега кога овој весник стана билтен на новата власт, јас него не го читам, а ги читам сите дневни и периодични весници. Не го читам од моментот, бидејќи веднаш кога стана билтен изнесе една голема лага во врска со штедачите на ТАТ, јас се извинувам што сега ќе ја инволвирам јавно овде, но тие веќе ја инволвираа во "Нова Македонија" дека стечајната судика, или незнам која функција има таму, која потекнува од Демир

Хисар, е моја блиска роднина прва братучетка итн., и затоа работите со стечајот на ТАТ оделе така како што оделе, дека јас сум бил главниот штраф што сум ја координирал таа работа. Веројатно брзо утврдија дека не само што нема врска таа работа, тука малку има спротивна дебела врска таа работа и престана. Инаку сметам дека се работи за еден солиден и храбар судија, стручен судија, што тоа го потврдуваа и колегите нејзини. И неслучајно сме и ја дале поддршката, без разлика на нејзините политички симпатии ако ги има. Тврдам дека не се спрема СДСМ.

Сега ќе го видам и ова насилство што се прави сега врз мене и ќе морам да одговорам на демократски начин.

(Реакции во салата).

Да г-дине Спанаќов, вие зедовте веќе друго место.

Со тоа кажав само дека тоа се илустрации од дел од насилството, организирано и поединечно, што го врши актуелната власт во Република Македонија.

Јас само ќе упатам апел, такви методи, овде што ги слушнавме се употребени, и допрва ќе се откриваат некои, за овие избори 2000 година, што да ви кажам, на подрачјето од каде што сум јас пратеник, применети се и дополнителни во оваа 2000 година. Прославата што ја имаат на локалните избори ја изведоа на бесен и насилнички начин врз имотот на СДСМ во Демир Хисар, што тотално ја руинираат зградата и инвентарот, ноќта околу 12,00 часот, а органот за внатрешни работи во Битола кој е надлежен за подрачјето Општина Демир Хисар ги има доказите кои, за жал, ги имам и јас и до ден денес не презема никакви активности по тоа прашање, ниту го има во Информацијата од МВР за настаните, ниту пак јас сакав да влезе во информацијата од СДСМ.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа што навистина досега изборите што сме ги имале, сите девет - десет круга што сме ги имале од 1990 година, биле коректни. И тврдам ниеден субјект од таа изборна единица во Демир Хисар, а и сега проширена со Крушево до претседателските избори, кога ги организира прв пат оваа власт не поднел ни приговор ни жалба. Е, тие работи нагло почнаа да се случуваат од 1990 година, особено сега 2000 година, со оглед дека се имало една култура во однесувањето во јавниот натпревар. Некој рече овде како можете да ги знаете гласачите однапред. Во малите места од прилика се знаат, плус -минус 5% отстапуваат, затоа што луѓето се определени, секојдневно се во контакт, роднини, пријатели итн. Јас сега два реда гласам во општина Кисела Вода, каде што не знаеш ни кој се гласачи, а камоли друго. Таму веќе се знаеме напамет. Кај нас се знае кој ручал, кој јадел. Таму дезинформација за некого политички да дискредитирате, ако ја измислите и ако е дезинформација таа ви носи контра поени, затоа што се знае за кој луѓе во која димензија се наоѓаат, кој што може да направи и кој што направил, од дедо прадедо, преку четири колена уназад, и затоа лесно да манипулирате со граѓаните.

Ако не се најде лек за оваа работа и за оваа тенденција што е тргната сега во Република Македонија, јас моментално не го гледам лекот, затоа што имам сигурни податоци кои не се изнесени овде. Имам сигурни податоци по име, презиме, по број на оружје за директна инволвираност за групи од Министерствата за внатрешни работи во изборите во последниот круг во Охрид. Кои Министерството за внатрешни работи има утврдено, и ги држи во тајност. Како да не постоеле, како да се имагинарни. Утврдено е и пукање од автоматско оружје, на кои се утврдени колите, имињата, настаните итн. Се знае на кој работни места работат, се знае што работат, на која функција биле дента, каде биле се знае, документирано е со материјални докази.

Мојата бивша колешка Доста Димовска ќе остане еден ден сама, ќе треба да се соочи со аргументите. Постојат тие господа. Не мора да излезат денес. Луѓето се плашат, не ги кажуваат, се плашат за лебот, се плашат за фамилијата, се плашат за животот. Се срамат, резигнирани се но ќе излезат, правдата е спора. Сакам да кажам постојат материјални докази и секој ден се собираат купче. Се случуваат несекојдневни работи во голем број државни органи. Се документираат, резигменцијата расте, кај голем број на луѓе кои што треба да ги спроведуваат законите итн., ги гледаат, ги опипуваат, ги чувствуваат проблемите, се косат со нивните морални и човечки определби.

Јас се надевам дека, прво ние ќе извлечеме поука од овде како Парламент, и ќе излеземе на висината на задачата. Јас да ви кажам. Ние немаме голем број на инструменти да внесеме некој ред во целата оваа работа што се случи. Најголем инструмент е ова што зборувавме од оваа

говорница и што слушаат граѓаните дека сме го дигнале гласот, и дека на некој начин сме ги отвориле проблемите.

Јас во анкетните комисии не верувам многу. Сум бил член на една анкетна комисија во првиот мандат за Битпазарските настани. Мора да кажам, од опструкцијата на два члена што ја направија во комисијата ние работата не ја завршивме, иако можам да кажам претседателот на таа комисија е тука, Исмет Рамадани мојата расположба беше исклучително определена да се утврдат фактичките настани околу тоа прашање. Но, баш членовите тогаш од опозицијата, кои се знаат ги има во архивата тука, направија целосна опструкција на работа на таа комисија, согласно нивната политика тогаш дека загинатите не се важни затоа што се од друга националноста, од националноста која не треба да постои во Република Македонија.

Од тие причини и од други анкетни комисии овде што се формирани, и оваа анкетна комисија што е формирана за јавните набавки итн., јас имам резерви кои произлегуваат не само од опструкцијата што ќе ја направат некои членови, туку од вкупната положба што ја има парламентарната власт, виза ви, извршната власт во Република Македонија. Ако сме дошле во ситуација, еве најсвеж пример, да одлуката на Уставниот суд во врска со предвременото пензионирање не може да се спроведе, всушност, не се сака да се спроведе, и сега има најави од конференцијата на Уставниот суд дека тоа ќе го направи со тоа што нема да учествува на Европската конференција на Уставните судови, и со тоа да направи проблем во врска и со политичките последици што можат да настанат во врска со асоцијацијата на Република Македонија во западноевропските интеграции, до каде сме дошле со правната држава, со последиците од насилието, со почитување на институциите на системот и до каде тој пат ќе не одведе.

Благодарам, јас имам толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас му благодарам на г. Наќе Стојановски.

За реплика се јавува г. Воислав Стојановски.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Стојановски, мојот презимењак изнесе за мене една невистина, наводно членови на ВМРО - ДПМНЕ правеле опструкции затоа што погинатите биле од друга националност. Јас повторно ќе го потсетам како и вчера што потсетив дека тука погина жена од македонска националност Викторија Гешковска. Ако членовите од ВМРО - ДПМНЕ во Анкетната комисија правеле опструкции, тогаш каде беше неговата полиција тогаш и неговото јавно обвинителство да ја завршат работата што требало да ја завршат.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Стојановски г. Војо Стојановски има право, вистина е дека во тие настани почна и г-ѓа Викторија Гешковска - бог да и душа прости, мајка на Ѓоко Гешковски, тогашен организатор во Македонска телевизија, мој и пријател на г. Војо Стојановски.

Но фактите други што ги изнесов стојат. Запишани се во тефтерите на ова Собрание, постојат имињата и презимињата, претседателот на комисијата е тука, жив е, мислам на Анкетната комисија, а каде биле државните органи, МВР, Јавно обвинителство, прогон итн., бегаа тие пред комисијата. Точно затоа бевме ние формирани да ги испитаме околностите под кои делувале тие. Дали пред се МВР применила прекумерна и непотребна сила во тие настани, или применила адекватна сила во настаните. Тврдам дека таа работа не е завршена и стои отворена во Архивите на ова Собрание и ден денес, од опструкцијата што ја направија членовите, не сакам да ги споменувам, тогашни пратеници во ова Собрание од опозицијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Бидејќи друг не се јавува за реплика, има збор г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека беше неуспешен обидот на г. Наќе Стојановски, да го собори рекордот на г. Харуни, сепак не исполни два часа, така да и понатаму на чело на дискутанти, јас ги нарекувам народни трибуни остануваат пратениците на ПДП, олицетворени во персоналитетот на г. Сејфедин Харуни.

Уште на почетокот сакам да го исправам господинот, кој за жал во моментот не е присутен, но се надевам дека ќе ја слушне мојата реплика, г. Даневски кој наводно сакаше ПДП да ја поистовети со некои други политички партии, кои во овие циклус избори не

знаат ништо друго освен да се занимаваат со фалсификување на избори. Уште на почеток да му кажам на г. Даневски, дека на него веќе никој не му верува, не од друга причина, туку од причина, што тој конечно треба да се определи дали е риба или девојка. Не може постојано да биде и риба и девојка, да биде и опозиција и позиција и опозиција неговата партија во Собранието, а тој во управни одбори кои ги именува Владата на Република Македонија. Никој, ама апсолутно никој на него не му верува веќе, така да мислам дека е крајно некоректно да се зборува овде за насилие врз него од страна на опозициони партии и пратеници. Ако е точно, ако има докази господинот нека ги изнесе пред органите на прогонот, чиј дел неформално е и тој, па нека го земат г. Црвенковски, нека го изведат пред суд. Ајде да го судиме, нека изнесат докази. Но, не е коректно да се зборува пола саат тука за такви насилија, а еден збор да не се кажува за тоа што им се случи на пратениците, кои за разлика од него немаа ни заштита од органите на редот, ниту има некоја постапка, ниту некој одговара, туку напротив челници, припадници на органите на редот беа предводници на таквите акции против безбедноста и животот на тие пратеници, што всушност беше дел од оваа заедничка расправа овие денови во Собранието на РМ.

Уште на почеток да го изнесам мојот став, дека апсолутно не се согласувам со изнесените дискусии кои констатираат дека ни е јалова оваа расправа, дека е беспотребна, дека всушност веќе никој не не слуша и дека овој циркус требаше час поскоро да заврши.

Не се согласувам од следните причини.

Прво, ќе остане во аналите на ова Собрание, дека заради нерегуларности во изборите, во случајот локални избори, Собранието на РМ десетина дена расправаше за тоа што се случувало. Точна е констатацијата дека не не слуша, но не не слуша Владата на Република Македонија, која е најповикана да не слуша. Позитивен исклучок е тука само Обвинителството, по некогаш сам јавниот обвинител, понекогаш негови заменици, сепак ја следат расправата. Тоа јас лично го ценам и го сфаќам како израз на спремност ако не притиснати од власта да направат нешто повеќе во откривањето и спроведувањето пред лицето на правдата сите тие кои ги закрвавија рацете во текот на локалните избори, барем имаат почит кон органот кој ги бирал и ги слушаат пратениците за што зборуваат. За разлика од нив нејзиното величенство, министерката за внатрешни работи не удостои само прввиот ден и тоа ги ислуша само уводните излагања на координаторите на пратеничките групи и од тој ден ниту неја, ниту нејзиниот заменик, ниту министерот за правда, ниту било кој член од Владата не удостојува ако не со учество во расправата, барем да ги ислуша нашите искази, како што тоа го прави Јавното обвинителство. А замислете, орган кој одговара пред ова Собрание. Орган кој е биран од ова Собрание. Орган кој врши политичка контрола над работата на Владата на Република Македонија.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Г-да пратеници немојте да се изненадите ако некој кој изигрува ролја на гласно говорник на таа Влада, изнесе и тези и изјави дека ние тука тресеме глупости. Па, нормално кога Владата има ваков однос кон Собранието, немојте да очекувате поинакви изнесени ставови и мислења од нејзиниот гласно говорник, туку тоа е одраз на ставот на Владата виза ви ова Собрание и виза ви на крајот на краиштата институциите, согласно Уставот поставени во РМ за што апсолутно сум убеден и не дека сум убеден, но дека така е регулирано со Уставот на РМ по политичкиот систем на РМ Собранието иако не стои таму, е највисок орган и е претставнички дом на граѓаните на РМ. Што значи ако Собранието е претставнички дом на граѓаните, тоа е надлежно ако не да постапува и извршува, тогаш да расправа, да дискутира за сите прашања кои ценат пратениците дека треба да се разговара во Собранието на РМ, или за сите случувања кои се случуваат во земјава, затоа што Собранието, пратениците се делегирани, власта, мандатот е делегиран од граѓаните во нашите мандати. И ако ние тоа не го правиме, тогаш каде очекувате расправа за вакви прашања да се случува, по кафеани, по ресторани, по муабети? Не, г-да, овде е органот каде што треба да се вкрстуваат аргументите, да се изнесуваат фактите и доказите, но и да има финале, да има завршница и да се бара конкретна одговорност за сите кои се инволвирани во овие незаконски дејанија. Мислам дека до денес, до овој момент ние завршивме само дел од нашата должност, ги изнесовме мислењата, аргументите, доказите и сега престои тоа финале за кое јас пред малку зборував.

Расправата која се водеше овие денови според мене, не мора да се согласите

во најмала рака покажа четири крупни прашања, со кои треба да се занимава во прв ред Собранието на РМ.

Прво, расправата покажа дека ние имавме крајно лоши локални избори во РМ. Оваа моја констатација која произлегува од расправата, која за волја на вистината произлегува и од дел од пратениците на позицијата што е секако за поздравување. Тука во прв ред од страна на дел од пратениците на ДА е поткрепена и од ставовите и извештаите и мислењата на релевантни меѓународни организации надлежни за спроведување, за набљудување на изборите, како што е ОБСЕ, како што е мисијата на Советот на Европа, како што се разните здруженија на граѓани кои беа вклучени во процесот на изборите во РМ од типот на Здружението на граѓаните, скоро сите политички партии. Значи тука вклучувајќи и дел од партиите кои се на власт се на констатација дека имавме трајно лоши локални избори, со исклучок на дел од пратениците на две политички партии на власта ВМРО - ДПМНЕ и ДПА.

Второ, овие избори покажаа дека дел од државните органи во прв ред администрацијата и она што во целина е јавна администрација и јавни претпријатија крајно е партизирана и до крајни граници е злоупотребена и ставена во функција на постигнување на што подобри изборни резултати во текот на локалните избори. Се сеќавам добро на една изјава на актуелниот премиер во пресрет на претседателските избори 1998 година. Тогаш премиерот меѓу другото критикувајќи ја претходната влада во својата беседа при номинирањето на кандидатот за претседател на РМ од негова партија рече: Да не се плаши ниту еден вработен во органите на управата и во јавната администрација, дека нема да му фали ни влакно од главата ако тој има поинакви политички убедувања и поинаку се однесува и се определува при претседателските избори. Искрено да ви кажам ме охрабри и ценев дека е тоа не само исправен став, туку став кој треба да се поддржува затоа што се изнесува од претседател на Владата на Република Македонија. И од тогаш до локалните избори земете ја само сликата на митингот на ВМРО - ДПМНЕ пред вториот круг на локални избори на плоштадот Македонија во Скопје меѓу другото и плакат: "Градски аптеки, Љубчо многу те сакаме". Уште малку да имаше уште некоја пан карта иста, слична, службата на Владата на Република Македонија, многу ве сака господине премиер. Тоа ли е ветувањето што го даде премиерот дека нема да се пресметува со неистомисленици и со вработени во органите на управата? Да не зборувам што е случуваше со искористување на сите расположливи ресурси на органите на власта, на јавните претпријатија ставени во функција да се добијат што повеќе гласови. Ова ли е таа правна држава која ја претендираат дел од политичките партии на власт и врз основа на кој и го добија мандатот 1998 година.

Трето, оваа расправа на многу пластичен начин покажа дека голем број на ресори и органи на државната управа, органи на Владата на Република Македонија не функционираат, или лошо функционираат, или ги злоупотребуваат овластувањата, односно дејствуваат спротивно на одредбите на законите, односно законските прописи. Она што е државна изборна комисија е приказна за себе и не сакам во тоа да навлегувам, затоа што не е орган на управата. Но, земето го Министерството за внатрешни работи, госпоѓицата министерка ни достави Информација, во која меѓу другото стои дека секогаш е постапено согласно прописите за дејствување на Министерството за внатрешни работи. Јас поставувам прашање до отсутната госпоѓица министерка, дали е навистина законски службени возила без регистарски таблици да се прошетаат низ избирачките места? Дали е законски да се издаваат дупликат фалсификат лични карти и со тие лични карти да се излезе на гласање. Дали е прописно и законски да се фалсификуваат избирачки легитимации. Дали е законски изборната кампања во одредени општини да биде предводена од високи функционери на Министерството за внатрешни работи, за пример ќе го земам само заменикот директор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање кој дури се осили да одржи митинг, говор пред салата во Домот на културата во Кичево. Дали не прочитале господата што стои во Законот за локални избори во врска со тие прашања, дали прочитале што стои во Законот за државните службеници и многу, многу други за тоа како функционираа државните органи во текот на локалните избори.

Четврто, овие избори всушност покажаа до каде е загрозена независноста и самостојноста на судските органи. Дел од судиите кои имаа доблест да им се спротивставуваат на незаконските дејанија и злоупотребите на одредбите на Законот за локални избори и службената должност на

одделни раководни лица во јавната администрација беа ставени во ситуација, во положба да им се провери нивната наклонетост кон партиите на власт. Замислете, подобноста политичка се бара во земја во која 10 години порано го има напуштено системот на едно -партизмот. Други пак кои се осудија да не се согласуваат со тоа што се случува и имаа храброст и доблест да му кажат, стоп на фалсификатот, теророт и насилието и да се иземат од можноста да ги спроведуваат изборите во Охрид, замислете беа преку ноќ заменети со други од други краеви и други општини спротивно на одредбите на Законот за локални избори, согласно кој може претседател и заменик на општинска изборна комисија да биде само судија од основниот суд од општината во која се спроведуваат изборите. И се разбира се изнајде смешен изговор дека дента претседателот на Апелациониот суд во Битола решил да ги испрати на помош дотичните судии од Битола и Охрид и врз основа на тоа после да се покрива законската празнина тие да можат да бидат претседател и заменик на општинската изборна комисија во Охрид. Никој во Република Македонија не помислувал во 1998 година дека оваа Влада и оваа владеачка коњуктура по секоја цена ќе се обиде да остане на власт па макар злоупотребувајќи ги и основните човекови права, функционирањето на државните органи и загрозувајќи ја безбедноста и животот на граѓаните на Република Македонија. И сега нормално се поставува прашањето, зошто дојде до тоа? Не се согласувам со сите тие кои се спремни многу лесно да даваат квалификација дека тоа се прави само заради фактот за гола егзистенција, опстојување во власта. Длабоко сум убеден дека така земено таа констатација не е точна, барем според мене. Јас мислам дека два мотива се многу битни кои придонесуваа да ни се случи сето ова што се случи. Првиот мотив и причина е фактот што одредени сегменти на власта, структури на политички партии длабоко се ставени во криминални структури и се занимаваат со против законски дејанија. Оттука со незаконски дејанија сакаат и да опстојуваат на власт за да можат да бидат амнестирани или во најмала рака да не одговараат пред органите на правдата за своите дела. И кога ќе го земете проблемот како таков произлегува дека ова е вициозен круг и излегување од тоа нема. Колку повеќе противзаконски дејанија, толку повеќе напори да се опстојува на власт со поарогантни и противзаконски дејанија и за толку повеќе продолжување на опстојувањето на таа владеачка гарнитура се до моментот за кој вчера зборуваше господинот Мерсел Билали, што лично не сакам да и се случи на земјата во која живеам, а тоа е јуриш на Собрание.

Втор мотив зошто тоа се прави е фактот, или причина е фактот што после 1998 година со позабрзано темпо во 1999 година и заклучно со 2000 година двете владеачки гарнитури ВМРО - ДПМНЕ и ПДПА, набрзина го губат тлото под нозете и поддршката на граѓаните и се обидуваат на овој начин да се искомпензира реално изгубеното доверие кај граѓаните. На претседателските избори ДПА се уште уживаше одреден рејтинг кај политичкиот електорат на Албанците во Република Македонија и затоа можеби беше помалку груб во спроведувањето на сценариото за пополнување на гласачките кутии. И на вториот круг таа операција, бидејќи веќе сопствените интереси завршија со првиот круг на перфектен начин го изработи во полза на својот коалиционен партнер. За господинот Борис Трајковски за кој во текот на кампањата ги измамија гласачите Албанци со тезите наводно дека, ако гласате за господинот Трајковски, ќе биде признаена Република Косово, ако биде изгласан господинот Трајковски, Албанците во Македонија ќе добијат Универзитет, ќе добијат употреба на знаме, службеност на албанскиот јазик и многу, многу други прашања. Друга е приказната што од тоа произлезе и дотолку измамата и разочараноста на луѓето кои подлегнаа на ваквите фрази е поголема, затоа што денеска го слушате што зборува господинот Трајковски. Не да не му паѓа на памет да зборува за признавање на Косово од страна на Македонија, туку господинот се истрчува и праќа пораки до Европа и незнам каде, да не смеете да го признаете Косово затоа што тоа наводно ќе била директна опасност за Република Македонија. И јас се прашувам дали навистина дотолку е капацитетот ревнозирање на нашиот прв човек, прв граѓанин во Република Македонија, или тоа го прави од политички побуди. Длабоко сум убеден дека во прашање е ова второто. Зошто? Од причина што за Македонија не е најбитно, ако не и воопшто битно дали Косово ќе биде независно или во рамките на некоја си структура наречена Југославија, туку дали Косово ќе биде демократско општество, дали во Косово ќе се воспостави мир, ќе се развиваат демократски институции и ќе се воспостави легитимна власт, или Косово ќе остане и понатаму

мрачен вилает во кој цути криминалот, шверцот, дрогата, нестабилноста. Косово беше 50 години нестабилно подрачје и фокус на нестабилност за целиот регион, а во тие 50 години Косово беше во рамките на СФРЈ, или СРЈ. Длабоко сум убеден дека суштествено прашање за Македонија и за нашиот господин претседател Борис Трајковски е тоа дали Косово ќе биде демократско општество, или нешто друго. И затоа господинот претседател помалку да се занимава со овие прашања.

Но, веќе на локалните избори губејќи го тлото под нозете ДПА не и беше доволно само да ги полни кутиите, туку требаше да оди и чекор понатака, требаше со сила да ги принуди тие што се обидуваа да го заштитат гласот на Албанецот, па дури и да пукаат.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Тоа веќе не само што се коси со одредбите на Законот за локална самоуправа, туку со кривични дела. Јас знам дека ова не е албанска идеја и идеја на политички партии што ги имаат, во прв ред, интересите на Албанците што ги претставуваат во ова Собрание. Но, мислам дека одделни владеачки коњуктури во оваа партија се ставени во игра и во служба на ВМРО - ДПМНЕ, зошто, сакајќи да опстане ВМРО - ДПМНЕ на власт се подготвени не само да ги полнат кутиите, туку да го направат сето тоа за што денеска јавноста во Македонија и во целиот свет знае.

Но, интересот тука е взаемен. Затоа што опстојувајќи ВМРО - ДПМНЕ на власт, опстојува и ДПА.

И, замислете ја тезата искажана од страна на нивниот лидер дека победата, замислете победата, каква победа, е придонес на стабилноста во Република Македонија, па и пошироко од Македонија. Значи, во Македонија и во регионот ќе имаме стабилност само под услов да владее секогаш на власт. Недај боже таа партија да не е на власт, нема мир, нема стабилност, нема Македонија, дури и пошироко. Алал ви вера големи демократи.

И, оваа игра, бидете убедени дека ќе се игра и понатаму. Се додека ова Собрание вака постапува, дозволува овие столици секогаш да бидат празни кога ќе расправаме за вакви прашања.

Ова не смееме да го дозволиме. Затоа е крајно време господо на овие случувања во Република Македонија да се стави крај. Крај ќе им се стави доколку, навистина е искрена и сериозна намерата во Македонија на вистината да и се погледне во очи. Да се обидеме да најдеме политички структури, се разбира, во случајов претставени во Собранието што можат на злото со зло да го именуваат. На загрозување на човековите и граѓански национални права, со правото име да го именуваат. Демократскиот застој, економскиот застој и загрозеноста на социјалниот статус на граѓаните со право име да се именуваат. Во последно време имаме таква иницијатива во Република Македонија и лично ја поздравувам, но очигледно тоа дека не е доволно и затоа треба да се направи чекор понатаму. Тие сили треба да се здружат во констатацијата дека во Македонија, навистина, има застој на демократските процеси, дека има застој на економскиот развој и дека за тие прашања треба да се бара поширок консензус за да се тоа спречи и да се направи оној следен чекор.

Тоа е изведување на вистински реформи во Македонија, демократизација на нашето општество и создавање благосостојба за сите нас тука. До колку тоа не го направиме, бидете убедени дека оваа Влада, што направи фалсификат на претседателските избори, направи насилие, терор и убивање на лица и граѓани во Република Македонија за локалните избори ќе создаде клима за војна на парламентарните избори. Бидете убедени.

Но, за сето тоа има и крај. А тој крај е ставање на Република Македонија под меѓународен протекторат и спроведување на слободни, фер и демократски избори. Тоа, да биде на начин на кој што ОБСЕ ги спроведе на Косово и на тој начин да дојдат до израз демократските сили. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници.

На господинот Несери дали Слободан Даневски треба еднаш да се изјасни дали е риба или девојка, може да провери лично, да се увери кој е Слободан Даневски.

Во она другото, жалот за господин Бранко Црвенковски, бидејќи и тој се вклопи во "бет компани" дружијата, Бранко Црвенковски, која ограби над 600 милиони марки и ваква е ситуацијата во оваа држава, треба да одговори на издадените деташмани и за умрените непостоечки лица што господинот Несери им ги исплаќаше, се работи некаде за повеќе милиони марки.

Ова се зборовите од оваа говорница искажани од бившиот пратеник Аце Коцевски и господинот, беше градоначалник на Гостивар Руфи Османи, тоа се, цитирам, нивните зборови.

Овој господин сега држи предавања за чесност. Кога ќе дадете вие одговор на овие прашања, а во Анкетната комисија стојат таму, не се затворени досиејата, затоа што уште не е дојдено од Министерството за труд и социјална политика, тогаш вие може да кажете за криминал, за корупција и ова. Сигурно не ви одговара сега, изгубивте едно поле на работа, огромни пари, мртовците ги правевте живи, стававте во џеб огромни пари, возите коли. Кога ќе одговорите тогаш вие ќе говорите за чесност и нечесност.

За ова другото што жалите за протекторат, тоа малку утре. Тоа нема да ви се случи. Затоа што Македонија е држава. Македонија со Косово нема ама никакви работи. Тука нема ништо. Македонија си е држава и тоа прашање е апсолвирано. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Биљал Љутфии.

Опростете, реплика бара господинот Дика Замир.

(Вербални дуели помеѓу пратеникот Слободан Даневски и пратениците од ПДП).

Дика Замир има збор за реплика. (Неред во салата).

Ќе ве молам колеги пратеници, седнете на своите места.

(Вербалните дуели продолжуваат).

Ве молам седнете на своите места.

(Дел од пратениците бараат прекинување на седницата).

Ве молам седнете на местата.

(Пратеникот Абдурахман Алити се упатува кон претседавачот со бурно реагирање, поради неправилното водење на седницата и непрекинување на дискусијата на пратеникот Слободан Даневски, поради навреда искажана кон еден пратеник).

Јас незнам што вие правите таму.

Јас немам што да протестирам.

(Пратеникот Абдурахман Алити искажува бурно негодување кон претседавачот ка седницата поради неодземање на збор, со зборовите - Па, што некому одзема збор?! Мајмуни едни!).

Благодарам. Господо пратеници, седнете на своите места.

(Дел од пратениците бараат да се прекине седницата или да се даде пауза. Пратеникот Абдурахман Алити продолжува со бурниот протест и гласните извици упатени кон претседавачот на седницата со зборовите - Како не можеш да речеш ја прекинувам седницата, бидејќи го навредува пратеникот.

Господине, седнете, расправајте се после.

Насилието не е начин. Ние говориме за насилие а вие го применувате.

(Бурни реакции од пратениците).

Ве молам седнете на свои места.

Ве молам седнете на свои места да можеме да продолжиме со работа.

(Пратеникот Никола Поповски бара збор процедурално).

Збор има господин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Се повлекувам господине потпретседателе.

(Бурни реагирања од страна на пратениците со извици и меѓусебни дофрлувања).

(Пратениците бараат или пауза или прекинуваш ена седницата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, дали имате намера да се прекине седницата?

(Бурни реакции од сите пратеници).

Ако е за тоа, нема прекин, ќе продолжиме со работа.

Господинот Никола Поповски бара збор процедурално.

(Силни извици, меѓусебни дофрлувања, кошкања меѓу пратениците и општ неред во салата).

Господо, ја прекинувам седницата и продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Барања од одредени пратеници седницата да не се прекинува, туку да продолжи со работа по определена пауза).

Продолжуваме со работа по пауза од 1 час, во 17,30 часот.

(Вербалните дуели, дофрлувања и општиот неред во салата продолжува).

Ве молам да ме сослушате, бидејќи координаторот на СДСМ побара пауза се прифаќа барањето.

(Бурни реакции од страна на пратениците).

Значи, констатирам дека се прифаќа првото решение, ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,40 часот).